Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица Кичево
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Uj
Studençica Kërçovë

Примено/Pranuar		16. 04. 26	
О.Ед/Nj.Org.	Бр./Nr.	Прил./Shf.	Вред./Vl.
09	551/2		

- ЈП СТУДЕНЧИЦА КИЧЕВО -

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

Содржина

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР 1

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА ЗАВРШЕНА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА 5

БЕЛЕШКИ 10

Додатоци

Додаток 1 – Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето

Додаток 2 – Годишна сметка (Извештај за финансиска состојба и Извештај за сеопфатна добивка)

Додаток 3 – Годишен извештај за работењето

ПЕРК
Пелагониска Ревизорска Куќа
ул. „Прилепски бранители“ бр. 16 – 4, втор кат, 7500, Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон/факс: +38948 413-856
моб.:070/208-138
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk\

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До:

ЈП Студенчица Кичево

Булевар „Ослободување“ бр.60А/1-1

Кичево

Извештај за финансиските извештаи

Мислење

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈП Студенчица Кичево (во понатамошниот текст: „Претпријатието“), коишто ги вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025 година, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината, извештајот за паричните текови за годината која завршува тогаш како и преглед на белешките кон финансиските извештаи, вклучително и на информациите за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење придружните финансиски извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на ЈП Студенчица Кичево заклучно со 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во Република Северна Македонија.

Основа за мислење

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот „Одговорности на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи“ од овој извештај. Ние сме независни од Претпријатието во согласност со Меѓународниот кодекс на етика на професионалните сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за наше мислење.

Нагласување на прашање

Без да го квалификуваме нашето мислење ние обрнуваме внимание на Белешка 27 – Судски спорови, приложена кон финансиските извештаи на Претпријатието во која се вели дека со состојба на 31 декември 2025 година, ЈП Студенчица Кичево се јавува како тужител во 4 судски постапки против ЈКП за наплата на побарувања во вкупен износ од 197.198 илјади денари (главен долг, судски трошоци и казнени камати) при што Раководството на Претпријатието очекува позитивен исход особено поради фактот што

со ЈПКД Комуналец Кичево има склучено Спогодба со клаузула на извршна исправа каде како солидарен должник се јавува Општината Кичево во вкупен износ од 124.338 илјади денари (главен долг, судски трошоци). Против ЈП Студенчица Кичево е покренатa една судска постапка по основ на работен однос при што може да се очекува одлив на парични средства но износот не можат да се квантифицираат се до завршување на судската постапка. Раководството на Претпријатието очекува позитивен исход од овие судски постапки.

Нашето мислење не е квалификувано во однос на ова прашање.

Други информации

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се однесуваат на годишниот извештај за работата и годишната сметка изготвени од раководството во согласност со ЗЈП и ЗТД, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за финансиските извештаи не се однесува на останатите информации и ние не изразуваме било каква форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во извештајот за други правни и регулативни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме останатите информации и притоа да разгледаме дали останатите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето знаење прибавено во текот на ревизијата или поинаку, произлегува дека е материјално погрешно. Ако, врз основа на нашата извршена работа ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие останати информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известивме во однос на ова прашање.

Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со МСФИ кои се применуваат во Република Северна Македонија и за таква интерна контрола каква што раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања било како резултат на измама или на грешка.

При подготвување на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Претпријатието да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користењето на сметководствена основа за континуитет, освен ако раководството или има намера да го ликвидира Претпријатието или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Претпријатието.

Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиски извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина не содржат материјално погрешни прикажувања, без разлика дали истите се резултат на измама или на грешка и да издадеме ревизорски извештај којшто го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не преставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешни прикажувања кога тие постојат. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или на грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешни прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или на грешка, дизајниране

и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешни прикажувања како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучува заговор, фалсификување, намерни пропусти и лажни заобиколувања на внатрешните контроли.

- Стекнавме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на Претпријатието.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можност на Претпријатието да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Претпријатието да престане да работи според претпоставката на континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола коишто ги идентификуваме во текот на ревизијата.

Ние исто така обезбедивме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со нив за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и, онаму каде што е применливо, за активностите преземени за елиминирање на заканите или за применетите заштитни мерки.

Од прашањата за кои е комуницирано со оние кои се задолжени за управувањето ние носиме заклучок за оние прашања кои се од најголемо значење за ревизијата на финансиските извештаи во тековниот период и поради тоа се сметаат за клучни ревизорски прашања. Ние ги опишуваме овие прашања во нашиот ревизорски извештај освен доколку законот или регулативата исклучува можност за јавна објава за прашањето или кога во екстремно ретки ситуации сме заклучиле дека за прашањето не треба да биде известено во нашиот извештај, поради негативни последици од кои разумно би се очекувало да ги надминат користите за јавниот интерес од таквото комуницирање.

Извештај за други правни и регулативни барања

Како што е наведено во пасусот Други информации, Раководството на Претпријатието е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето за 2025 година во согласност со член 7, член 11, член 19 и член 27 од Законот за јавни претпријатија („ Службен весник на Република Македонија” бр.38/1996 ... 208/24) и во согласност со член 240, член 352, член 384 и член 477 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004 ... 191/2025).

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010 ... 122/2021) е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај за работењето, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Претпријатието со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со МСР, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Претпријатието со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Претпријатието со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

Прилеп, 06.04.2026 година

Пелагониска Ревизорска Куќа

ДООЕЛ Прилеп

Овластен ревизор

Пецко Ристески

Управител

Пецко Ристески

Финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2025 година

во согласност со барањата на

сметководствените стандарди кои се прифатени и се во примена во Република Северна Македонија

за ЈП Студенчица Кичево

- **Извештај за сеопфатна добивка**
- **Извештај за финансиската состојба**
- **Извештај за промени во главнината**
- **Извештај за паричните текови**

Овие финансиски извештаи се усвоени на ден 26.02.2026 година со Одлука на УО бр.02-301/1-3 и потпишани од Директорот Дејан Пандилески како и од одговорниот сметководител Катерина Станкоска.

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
на ЈП Студенчица Кичево
за годината која завршува на 31 декември 2025 година

	Белешки	31 декември 2025 во (000) МКД	31 декември 2024 во (000) МКД
Приходи од работењето			
Приходи од продажба	5	85.002	74.482
Останати приходи	6	97	192
Вкупно приходи од работењето		**85.099**	**74.674**
Промена на вредноста на залихите на готовите производи и на недовршеното производство		-	-
Капитализирано сопствено производство и услуги		-	-
Расходи од работењето			
Трошоци за суровини и други материјали	7	2.273	2.345
Набавна вредност на продадени стоки		-	-
ситен инвентар, амбалажа и автогуми		-	-
Услуги со карактер на материјални трошоци	8	1.812	1.649
Останати трошоци од работењето	9	3.489	7.264
Трошоци за вработените	10	54.788	52.405
Амортизација на материјални и нематеријални средства	11	18.396	18.743
Вредносно усогласување на нетековни/тековни средства		-	-
Резервирања за трошоци и ризици		-	-
Останати расходи од работењето	12	28	12
Вкупно расходи од работењето		**80.785**	**82.418**
Финансиски приходи	13	2.433	2.701
Финансиски расходи	14	0	658
Удел во добивката/загуба на придружените друштва		-	-
Добивка/Загуба од редовното работење	**15**	**6.746**	**(5.701)**
Нето добивка/загуба од прекинати работења		-	-
Добивка/Загуба пред оданочување	**15**	**6.746**	**(5.701)**
Данок на добивка	16	834	33
Одложени даночни приходи/расходи			-
Нето добивка/загуба за деловната година	**17**	**5.911**	**(5.734)**
Останата сеопфатна добивка		-	-
Останата сеопфатна загуба		-	-
Вкупна сеопфатна добивка/загуба за годината	**18**	**5.911**	**(5.734)**
Сеопфатна добивка/загуба којашто им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво		-	-
Сеопфатна добивка/загуба којашто им припаѓа на неконтролираното учество		-	-

ЈП Студенчица Кичево
Директор

Дејан Пандилески

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
на ЈП Студенчица Кичево
за годината која завршува на 31 декември 2025 година

	Белешки	31 декември 2025 во (000) МКД	31 декември 2024 во (000) МКД
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	19	14.737	16.806
Материјални средства	20	118.010	133.672
Вложувања во недвижности		-	-
Долгорочни финансиски средства	21	60.000	60.000
Вкупно нетековни средства		**192.747**	**210.478**
Тековни средства			
Залихи			
Побарувања од поврзани друштва	22	333	116
Побарувања од купувачи		-	-
Побарувања за дадени аванси на добавувачи	23	215.980	198.927
Побарувања од државата по основ на даноци	23	60	-
Побарувања од вработените	23	3.330	3.824
Останати краткорочни побарувања	23	-	32
Краткорочни финансиски средства		-	-
Парични средства и парични еквиваленти		-	-
Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи	24	9.318	3.375
Вкупно тековни средства	23	203	144
ВКУПНО СРЕДСТВА		**229.224**	**206.418**
ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ		**421.971**	**416.896**
Главнина и резерви			
Основна главнина	25		
Премии на емитирани акции		441.452	441.452
Ревалоризациска резерва		-	-
Резерви		-	-
Акумулирана добивка		-	-
Пренесена загуба		-	-
Добивка за деловната година		(26.476)	(20.742)
Загуба за деловната година		5.911	-
Вкупно главнина и резерви		-	(5.734)
Долгорочни резервирања за ризици и трошоци		**420.888**	**414.976**
Долгорочни обврски		-	-
Одложени даночни обврски		-	-
Тековни обврски		-	-
Краткорочни обврски спрема поврзани друштва	26		
Краткорочни обврски спрема добавувачи		-	-
Обврски за аванси, депозити и кауции		104	1.111
Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци		-	-
Обврски спрема вработените		22	-
Тековни даночни обврски		1	-
Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва		850	702
Обврски по заеми и кредити		-	-
Обврски по основ на учество во резултатот		-	-
Останати финансиски обврски		-	-
Останати краткорочни обврски		-	-
Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди		106	106
Вкупно тековни обврски		-	-
Вкупно обврски		**1.083**	**1.920**
ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ		**1.083**	**1.920**
		421.971	**416.896**

ЈП Студенчица Кичево
Директор

Дејан Пандилески

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
на ЈП Студенчица Кичево
за годината која завршува на 31 декември 2025 година

ОПИС	Основна главнина	Премии на емитирани акции	Ревалоризациска резерва	Резерви	Акумулирана добивка	Пренесена загуба	Вкупно
Состојба на 31 декември 2024 година	**441.452**	**-**	**-**	**-**	**(5.734)**	**(20.742)**	**414.976**
Уплати од сопственици	-	-	-	-	-	-	-
Исплати на сопственици	-	-	-	-	-	-	-
Откупени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-
Усогласување на резерви	-	-	-	-	-	-	-
Други усогласувања	-	-	-	-	5.734	(5.734)	-
Добивка за година	-	-	-	-	5.911	-	5.911
Загуба за година	-	-	-	-	-	-	-
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2025 година	**441.452**	**-**	**-**	**-**	**5.911**	**(26.476)**	**420.888**

ОПИС	Основна главнина	Премии на емитирани акции	Ревалоризациска резерва	Резерви	Акумулирана добивка	Пренесена загуба	Вкупно
Состојба на 31 декември 2023 година	**441.452**	**-**	**-**	**-**	**31.669**	**(52.411)**	**420.710**
Уплати од сопственици	-	-	-	-	-	-	-
Исплати на сопственици	-	-	-	-	-	-	-
Откупени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-
Усогласување на резерви	-	-	-	-	-	-	-
Други усогласувања	-	-	-	-	-	-	-
Добивка за година	-	-	-	-	(31.669)	31.669	-
Загуба за година	-	-	-	-	-	-	-
Дивиденди	-	-	-	-	(5.734)	-	(5.734)
						-	-
Состојба на 31 декември 2024 година	**441.452**	**-**	**-**	**-**	**(5.734)**	**(20.742)**	**414.976**

ЈП Студенчица Кичево
Директор

Дејан Пандилески

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
на ЈП Студенчица Кичево
за годината која завршува на 31 декември 2025 година

	31 декември 2025 во (000) МКД	31 декември 2024 во (000) МКД
I. Готовински тек од оперативни активности		
Нето добивка/загуба пред оданочување	6.746	(5.701)
Усогласување за:		
Амортизација на основни средства	18.396	18.743
Приходи/расходи од камати нето	(2.433)	(2.044)
Дивиденди и други приливи и одливи нето	-	-
Добивка пред промени во работен капитал	**22.709**	**10.998**
Зголемување/намалување на тековните средства		
Залихи	(217)	6
Побарувања од поврзани друштва	-	-
Побарувања од купувачи	(17.053)	(31.316)
Побарувања за дадени аванси на добавувачи	(60)	-
Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси	493	(3.824)
Побарувања од вработените	32	(32)
Останати краткорочни побарувања	-	-
Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи	(59)	186
Вкупно зголемување/намалување на тековните средства	**(16.864)**	**(34.980)**
Зголемување/намалување на тековни обврски		
Обврски спрема поврзани друштва	-	-
Обврски спрема добавувачи	(1.007)	1.096
Обврски за аванси, депозити и кауции	-	-
Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести	22	-
Обврски кон вработените	1	-
Тековни даночни обврски	148	(2.395)
Обврски по основ на учество во резултатот	-	-
Останати финансиски обврски	-	-
Останати краткорочни обврски	(0)	(10)
Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди	-	-
Вкупно зголемување/намалување на тековни обврски	**(836)**	**(1.310)**
Прилив од камати	2.433	2.701
Одливи по камати	-	(658)
Данок на добивка	(834)	(33)
Вкупно нето готовина од оперативни активности	**6.607**	**(23.280)**
II. Готовински тек од инвестициски активности		
Продажби на материјални и нематеријални средства	-	
Набавки на материјални и нематеријални средства	(665)	(2.206)
Дивиденди	-	-
Приливи од вложувања во недвижности	-	-
Одливи од вложувања во недвижности	-	-
Приливи од долгорочни финансиски средства	60.000	10.000
Одливи од долгорочни финансиски средства	(60.000)	
Краткорочни финансиски средства	-	-
Вкупно нето готовина од инвестициски активности	**(665)**	**7.794**
III. Готовински тек од финансиски активности		
Главнина и резерви	-	-
Исплата на дивиденда	-	-
Долгорочни резервирања за ризици и трошоци	-	-
Зголемување за примени кредити и позајмици	-	-
Намалување за примени кредити и позајмици	-	-
Одложени даночни обврски	-	-
Вкупно нето готовина од финансиски активности	-	-
Вкупно нето пораст/намалување на готовината	**5.943**	**(15.487)**
Готовина на почетокот од годината	**3.375**	**18.862**
Готовина на крајот од годината	**9.318**	**3.375**

ЈП Студенчица Кичево
Директор

Дејан Пандилески

БЕЛЕШКИ

КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА

ЈП СТУДЕНЧИЦА КИЧЕВО

ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025

БЕЛЕШКА 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево е јавно претпријатие за собирање, пречистување и дистрибуција на вода, е основано со делење во 2001 година и е правен следбеник на ЈП „Студенчица Злетовица“ согласно Одлуката за поделба на ЈП „Студенчица и Злетовица“ ЦО Скопје бр.0201-267 од 09.05.2001 година и Трег. рег. под број 2706/2001 од 23.07.2001 година на Основниот суд Скопје 1 во Скопје. На 02.11.2006 година во согласност со Законот за јавните претпријатија, Претпријатието е впишано во Централниот регистар на РСМ под деловоден број 3012011000489, со единствен матичен број 5532523 и ЕДБС е 4030001417232.

Седиштето се наоѓа на Бул. „Ослободување“ бр. 60А1/1 Кичево, Општина Кичево. Структурата на капиталот е во целосна сопственост на РСМ (100%).

Бројот на вработени во 2025 година изнесува 60 вработени додека во 2024 година овој број на вработени изнесуваше 59.

Основната дејност на ЈП Студенчица е 36.000 – собирање, обработка и снабдување со вода. Во 2009 година Владата на РСМ дава согласност за проширување на дејноста на Претпријатието со дополнителна дејност 35.120 – Производство на електрична енергија од обновливи извори а во 2013 година со нова дејност и тоа 11.070 – Производство на безалкохолни пијалаци и вода во шишиња.

ЈП Студенчица Кичево е во целосна сопственост на РСМ. Истото е без запишана основна главнина.

Директор на Претпријатието е м-р Дејан Пандилески со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет.

На крајот на извештајниот период Управниот одбор на ЈП го сочинуваат следниве членови:

1. Ирена Ололоска, претседател
2. Трајче Степаноски, заменик претседател
3. Милица Спироска
4. Јован Којчески
5. Леоне Станишоски
6. Лирим Бајрами
7. Арта Садику

Членови на Одбор за контрола на материјално-финансиското работење:

1. Александар Трајкоски, претседател
2. Владимир Лазески
3. Драгољуб Мицкоски, заменик претседател

БЕЛЕШКА 2. ОСНОВ ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Сметководствените политики на Претпријатието се во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија. Евиденцијата на сите деловни настани се води според важечките прописи од таа област коишто се на важност во нашава држава, односно во согласност со Законот за трговски друштва, Законот за јавни претпријатија и Правилникот за водење на сметководство.

Секој приход и трошок се прикажува во сметководствената евиденција аналитички. Истовремено, на органите за надзор и за управување им се дава можност за поквалитетна контрола над работењето на Претпријатието и им се овозможува правовремена интервенција во креирањето на политиките на Претпријатието.

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

ЈП Студенчица Кичево ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со одредбите на член 469 став (6) од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/04 … 191/25), членот 7 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник

на РМ бр. 38/96 … 208/24) и Правилникот за водење на сметководство (Службен весник на РМ бр. 75/24 и 274/2024).

Финансиските извештаи се подготвени според моделот на набавна вредност како основа за мерење, освен ако не е поинаку наведено. Денарот претставува функционална и известувачка валута во Република Северна Македонија. Износите содржани во финансиските извештаи на Претпријатието, како и во останатите придружни белешки кон финансиските извештаи се прикажани во илјади македонски денари (000 МКД), освен ако не е поинаку наведено.

Приложените финансиски извештаи претставуваат единечни финансиски извештаи на Претпријатието.

2.2. Сметководствени проценки

При подготвување на финансиските извештаи Претпријатието применува сметководствени проценки за ставките кои не можат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања засновани на информации кои се последно расположливи. Во текот на работењето одредени проценки можат да се ревидираат како резултат на промена на околностите врз основ на кој биле засновани, промени во окружувањето или добиените нови информации и сознанија.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употребата на недвижностите, постројките и опремата, обезвреднување на недвижностите, постројките и опремата, исправка на вредноста на побарувањата односно утврдување на нивната објективна вредност, вредносно усогласување (исправки) на залихите за да се сведат по нивната нето реализациона вредност и слично.

Ефектите од промена во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и/или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

2.3. Претпоставка за неограничен континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето, односно дека Претпријатието ќе продолжи да работи во догледна иднина. Претпријатието нема намера ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење. Раководството смета дека не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Претпријатието.

2.4. Корекција на грешка

Исправка на основни грешки ќе се врши согласно МСС-8, а корекција на грешка за стари побарувања од поранешни години Претпријатието ќе врши на товар на акумулираната добивка што е во согласност со МСС-8 точка 37 „Сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки".

2.5. Признавање на побарување за запишан а неуплатен капитал

Побарувањата за запишан а неуплатен капитал ќе се искажуваат по номинална вредност на запишаниот капитал согласно актите на ЈП. Капиталот кој нема да биде уплатен согласно актите ќе биде поништен.

2.6. Споредбени показатели

Финансиските извештаи се составени во согласност со принципот на историска набавна вредност. Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 Декември тековна и претходна година.

БЕЛЕШКА 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И ПРОЦЕНКИ

3.1. Нематеријални средства

Нематеријалните средства ги опфаќаат патентите и лиценците, заштитните знаци и имиња, договори за франшиза, авторски права, трошоци за истражување и развој, компјутерски софтвер, маркетиншки права и гудвил.

Нематеријалното средство ќе се признае само ако е веројатно дека идните економски користи, кои му се препишуваат на нематеријалното средството, ќе бидат прилив за Претпријатието и ако трошоците на средството можат веродостојно да се измерат.

Ако некое нематеријално средство не ги исполнува критериумите за признавање, настанатиот издаток треба да се признае како расход тогаш кога ќе настане.

Софтвер трошоците настанати со стекнување на лиценца за софтвер како и останатите долгорочни права се амортизираат по праволиниска метода во текот на очекуваниот односно договорениот век на употреба, но не подолго од 5 години.

Трошоците кои значително ја подобруваат и прошируваат користа на софтверот во однос на изворната варијанта се признаваат како дополнително вложување и ја зголемуваат почетната вредност на софтверот.

Помалите подобрувања се сметаат за трошоци за одржување и се евидентираат како расходи во тековниот период.

Основа за вреднување на нематеријалните средства е:

1.Начинот на нивно стекнување;

2.Очекуваниот период на добивање на економска корист;

3.Можноста да се продадат.

Нематеријалното средство почетно се мери според набавна вредност. Во набавната вредност се вклучуваат сите трошоци за набавка и сите останати трошоци неопходни нематеријалното средство да се стави во функција.

Нематеријалните средства се амортизираат за период од 5 години.

3.2. Материјални средства

Материјалните средства се признаваат по трошокот на набавката, под услов истиот да може сигурно да се измери.

Трошокот за набавка, односно набавната вредност на материјалното средство (цена на чинење), кој се распоредува за време на корисниот век на употреба е износот на платени парични средства или еквиваленти на парични средства или на објективната вредност на друг надомест даден за да се стекне едно средство во моментот на неговото стекнување или изградба. Набавната вредност на материјалните средства ја опфаќа куповната цена, вклучувајќи ги увозните давачки и неповратните даноци, како и трошоците кои директно можат да се препишат за доведување на средството во работна состојба на употреба (трошоци за подготовка на местото, рамнење, канали, потпорни ѕидови, рушење стара градба, испорака и манипулација, инсталирање и монтажа, услуги на стручни лица и сл.). Сите трговски попусти и рабати се одбиваат за да се дојде до набавната цена. Ако сметководствената вредност е поголема од проценетиот надоместлив износ, разликата се отпишува, односно се врши вредносно усогласување до надоместливиот износ.

Добивките или загубите настанати со продажба се определуваат преку споредба на приходите со сметководствената вредност.

Добивките и загубите од нетековните средства (НПО и Вложувања) при составување на Извештајот за паричните текови се исклучуваат од оперативните активности и се пренесуваат кај вложувачките активности како неутрализатор на разликите помеѓу паричните текови и сметководствените вредности.

Кај материјалните средства се прави разлика помеѓу инвестиционо (тековно) одржување и инвестиционо вложување. Трошоците за одржување и поправки на средствата т.н. трошоци на инвестиционо одржување, се признаваат како расходи на периодот. Инвестиционите вложувања се оние издатоци со кои се продолжува векот на употреба на средството и се зголемува капацитетот на средството. Вредноста на инвестиционите вложувања се додава на набавната вредност и така зголемената основица се амортизира.

Набавката на средствата може да се реализира и со размена за друго средство, односно и со хартии од вредност. Во случај на таква размена, износот на трошокот за набавката се утврдува според фер вредноста на преземеното (набавеното) средство. Ако таквата вредност не е позната тогаш според објективната вредност на отстапеното долгорочно материјално средство, односно според објективната вредност на хартиите од вредност.

Трошоците на набавка на предметите и услугите изработени во сопствена режија, кои се користат како постојан материјален имот, се утврдуваат во висина на нивните цени на производство, под услов да не ја надминуваат нивната нето пазарна (ревалоризирана) вредност. Цената на производството се утврдува согласно МСС 2 - Залихи. Векот на употреба на средството е периодот во кој се очекува дека истото ќе се користи. Основица за пресметка на амортизацијата е набавната вредност на средството. Ако реално може да се процени остатокот на вредноста, за овој износ се намалува основицата за амортизација.

Векот на употреба на материјалните средства се проценува на следниот начин:

- Земјиштето и уметничките дела не се амортизираат.
- Амортизацијата на материјалните средства се пресметува по праволиниска метода со примена на определени стапки утврдени врз основа на векот на траење на материјалните средства.
- На инвестициите во тек не се пресметува амортизација.

Стапките на амортизација се определуваат согласно утврдениот век на користење на материјалните средства така што утврдените стапки на амортизација се презентираат во следниот преглед:

	31 декември 2025	31 декември 2024
Градежни објекти – високоградба (од армирано бетонска и метална конструкција - водоводи	1,5%	1,5%
Градежни објекти – високоградба (згради)	2,5%	2,5%
Мали хидро електрани – МХЕ	2,5%	2,5%
Градежни објекти – нискоградба	3,0%	3,0%
Градежни објекти – дрвена конструкција	5,0%	5,0%
Не спомнати градежни објекти	10,0%	10,0%
Опрема за водовод и комунални услуги	5,0%	5,0%
Погонски машини, алати, транспортни средства	10,0%	10,0%
Канцелариски мебел и опрема	20,0%	20,0%
Компјутери, патнички возила и телекомуникациска опрема	25,0%	25,0%
Останата не спомната опрема	10,0%	10,0%

Разликата помеѓу стварната амортизација и онаа определена согласно Номенклатурата се евидентира на посебна аналитичка сметка.

Во 2007 година, вредноста на основните средства беа предмет на проценка извршена од страна на овластен проценител и презентирана во Извештајот за проценка број 05-1405/1 од 15.10.2007 година. Проценителот утврди нов век на употреба на делот на основните средства од групата 031-Хидротехнички објекти, односно ја намали годишната стапка на амортизација од 2,5% на 1,5% годишно. Извештајот на проценителот е усвоен од Управниот одбор на Претпријатието со Одлука број 02-1412/1 од 15.10.2007 година со примена од 01.01.2007 година.

Според сметководствената политика на Претпријатието, средствата ќе бидат предмет на проценка со примена на МСС 16, со примена на алтернативен метод. Тоа значи дека средствата на Претпријатието ќе бидат предмет на проценка во регуларни периоди од 3-5 години.

3.3. Долгорочни финансиски вложувања

Долгорочните финансиски вложувања се искажуваат според нивната номинална вредност, согласно договорот. Пресметаните камати се капитализираат по нивната достасаност, согласно анекс на договорот.

Исправката (намалувањето на вредноста) на вложувањата се спроведува во периодот на осознавањето за неможноста за наплата на дел или на вкупното вложување на товар на расходите на периодот. Отписот на вложувањата се спроведува само во случај кога за тоа ќе донесе одлука соодветниот орган.

3.4. Залихи и отпис на ситен инвентар

Материјалите, резервните делови, ситниот инвентар, амбалажата и авто гумите се искажуваат по набавна цена, се евидентираат според трошоците за набавка (царина, даноци, шпедитерски и транспортни трошоци и сл.), а пресметка на потрошокот со примена на методот ФИФО.

Ситниот инвентар во употреба се отпишува еднократно при ставањето на истиот во употреба и тоа еден дел, додека другиот дел по методот на калкулативен отпис според векот на траење.

Намалувањето на вредноста на залихите се спроведува во време на редовниот годишен попис, а врз основа на проценка за оштетеност и дотраеност.

Намалувањето на вредноста на залихите се врши на товар на расходите на периодот вклучувајќи го и секое нивелирање (сведување) по пат на отпис до нето реализационата вредност а врз основа на проценка на раководството за потенцијални оштетувања на залихите.

3.5. Краткорочни побарувања

Побарувањата од купувачите, побарувањата за повеќе исплатени износи од добивката, побарувањата од вработените, побарувањата од државата и другите институции и останатите побарувања се искажуваат по номинална вредност.

За сите побарувања од купувачите кои не се наплатени во договорениот рок се пресметува казнена камата.

Побарувањата кои се искажани во девизи се пресметуваат според средниот курс на НБРСМ на денот на билансирањето.

Намалувањето на вредноста на побарувањата се спроведува задолжително кога должникот е во постапка на стечај или ликвидација.

Со Одлука бр. 02-248/1-5 од 26.02.2007 година донесена од Управниот одбор на ЈП на која Владата на РМ даде согласност со нејзина Одлука бр.19-1609/1 од 25.7.2007 година се определува:

а) Дисконт на тековните и идните побарувања од ЈКП на Општините корисници за период од:

- од 01.09.2007 година до 31.08.2008 година дисконт од 50%;
- од 01.09.2008 година до 31.08.2009 година дисконт од 40%;
- од 01.09.2009 година до 31.08.2010 година дисконт од 30%;
- од 01.09.2010 година до 31.08.2011 година дисконт од 20%;
- од 01.09.2011 година до 31.08.2012 година дисконт од 10%.

б) Ненаплатени побарувања на ЈП од ЈКП на Општините со состојба заклучно со 31.08.2007 година, имаат обврска да ги платат на 120 еднакви месечни рати, во износ од 50% од висината на главниот долг а остатокот од 50% се отпишува сукцесивно со истекот на секоја деловна година во висина на процентот на отплата.

Вредноста на побарувањата се намалуваат за исправката за сомнителните и спорни побарувања, односно за вредносното усогласување на побарувањата според следната рочна структура:

- Побарувања заклучно до 31.08.2007 година во наредните 120 месеци се вреднуваат 50% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.09.2007 од 31.08.2008 година се вреднуваат 50% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.09.2008 до 31.08.2009 година се вреднуваат 60% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.09.2009 до 31.08.2010 година се вреднуваат 70% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.09.2010 до 31.08.2011 година се вреднуваат 80% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.09.2011 до 31.08.2012 година се вреднуваат 90% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.09.2012 година се вреднуваат 100% од номиналниот износ.

Со Одлука бр. 02-78/1-4/1 од 10.01.2014 година донесена од Управниот одбор на ЈП, на која Владата на РМ даде согласност со нејзина Одлука бр.42-401/1 од 22.01.2014 година се определува:

а) Дисконт на тековните и идните побарувања од ЈКП на Општините корисници за период од:

- од 01.02.2014 година до 31.12.2014 година дисконт од 40%;
- од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година дисконт од 40%;
- од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година дисконт од 30%;

- од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година дисконт од 20%;
- од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година дисконт од 10%,
- фактурирање во полн износ од 01.01.2019 година.

б) Неплатените обврски на ЈКП на Општините спрема ЈП заклучно со 31.01.2014 година имаат обврска да ги платат на 180 еднакви месечни рати, во износ од 50% од висината на главниот долг а остатокот од 50% се отпишува сукцесивно со истекот на секоја деловна година во висина на процентот на отплатата.

Вредноста на побарувањата се намалува за исправка за сомнителните и спорни побарувања, односно за вредносното усогласување на побарувањата според следната рочна структура:

- Побарувањата заклучно до 31.01.2014 година во наредните 180 месеци се вреднуваат 60% од номиналниот износ.
- Побарувањата за периодот од 01.02.2014 до 31.12.2014 година се вреднуваат 60% од номиналниот износ.
- Побарувањата за периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година се вреднуваат 60% од номиналниот износ.
- Побарувањата за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година се вреднуваат 70% од номиналниот износ.
- Побарувањата за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година се вреднуваат 80% од номиналниот износ.
- Побарувањата за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година се вреднуваат 90% од номиналниот износ.
- Побарувањата за периодот од 01.01.2019 година се вреднуваат 100% од номиналниот износ.

Со ставот 6 се регулираат побарувањата од ЈКП ВИК Прилеп, а со став 8 се регулираат побарувањата на останатите ЈКП.

Во тој период односно во јули 2016 година, Управниот одбор на ЈП донесе Одлука број 02-983/1-1 од 16.06.2016 година и склучи спогодба со број 02-1019/1 од 24.06.2016 година за начинот, условите и роковите за исполнување на доспеаниот главен долг без камата и за испорачана вода од регионалниот водовод Студенчица до ЈКП Комуналец Пласница со која ќе го плаќа на рати и стариот долг. Со Одлуки бр.02-2011/1-3 и 02-02-2011/1-4 од 30.12.2021 година, Управниот одбор го продолжи рокот на исполнување на доспеани обврски на ЈКП заклучно со 31.12.2023 година.

Со Одлука бр.02-901/1-1 од 12.06.2023 година, Управниот Одбор ги раскина спогодбите со ЈКП корисници на вода и достави Барања за Извршувања до месно надлежните извршители за наплата на неплатените побарувања од должниците ЈКП корисници на вода. Ваквата Одлука е врз основа на нацрт записникот од 158 седница на Влада бр.41-4916 одржана на ден 06.06.2023 година со која Владата на РСМ и препорачува на ЈП Студенчица Кичево да ги преземе сите законско предвидени дејствија за целосна наплата на заостанатите побарувања од ЈКП и да спречи нивно застарување. Меѓутоа, ЈП Студенчица не може да спроведе присилно извршување од расположливите средства на жиро-сметките на должниците од причини што по наоѓање на Основниот суд, врз единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија **не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања доколку тие се неопходни за вршење на дејноста (определен е минимален месечен паричен износ кој е неопходен за вршење на дејноста).** Согласно погоре наведеното, должниците ЈКП, откако се обезбедија со „определен минимален паричен износ неопходен за вршење на дејноста“, во континуитет не ги исполнуваат ни тековните доспеани обврски по основ на испорачаната вода. Од страна на ЈП Студенчица, ангажиран е адвокат за застапување и истиот треба да поднесе Предлог за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа против должниците ЈКП корисници на вода се со цел да се преземат сите потребни правни дејствија за заштита на правата и интересите на предметите пред Основните судови во РСМ.

3.6. Краткорочни финансиски вложувања

Дадените заеми, депозити и кауции се искажуваат според нивната номинална вредност согласно договорот. Пресметаните камати се капитализираат по нивната достасаност, согласно анекс кон договорот.

Останатите краткорочни вложувања се искажуваат по набавна вредност, зголемена за каматата согласно склучениот договор.

3.7. Парични средства и парични еквиваленти

Парите на сметките во денари кај деловните банки се водат во номинални износи според доставениот извод за состојбата на прометот на тие сметки. Парите во благајната во денари се искажуваат

по номинална вредност. Девизите на сметките во банка и благајна се искажуваат по среден курс на НБРСМ на денот на билансирањето. Пресметувањето на девизите се врши секогаш на денот на промената на состојбата на сметката (благајната) и на крајот на месецот. За целите на составување на Извештајот за парични текови:

а) Паричните средства ги опфаќаат готовината во касите и депозитите по видување (денарски и девизни).

б) Паричните еквиваленти ги опфаќаат краткорочните високо ликвидни вложувања, кои брзо можат да се конвертираат во парични средства и кои се предмет на безначаен ризик во промената на нивната вредност (рок на достасаност до 3 месеци и помалку).

3.8. Данок на добивка

Данокот на добивка се утврдува и се плаќа според годишниот даночен биланс и истиот преставува одбитна ставка од финансискиот резултат пред оданочување во извештајот за сеопфатна добивка.

Плаќањето на месечниот данок се врши аконтативно.

Крајниот данок на добивка по стапка од 10% се пресметува на утврдената добивка во извештајот за сеопфатна добивка, коригиран за одредени ставки согласно законските одредби. Овие корекции се однесуваат на зголемување на даночната основа за одредени трошоци кои не се признаваат за целите на оданочување.

3.9. Платени трошоци за идни периоди (АВР)

Однапред платените трошоци за идни периоди се искажуваат како активни временски разграничувања, а се пресметуваат во трошоци на периодот за кој се однесуваат. Причината за разграничувањето, како и износот кој се однесува на идните периоди мора да бидат искажани на соодветна сметководствена исправа.

Приходите кои се пресметани во корист на тековниот период, а немаат елементи да се искажат како побарување, се искажуваат како активни временски разграничувања. Кога ќе се стекнат услови за испоставување на документи врз основа на кој се стекнуваат побарувањата, временските разграничувања се пренесуваат на сметките на побарувањата. Основата за приходување и искажување на таквите износи на временските разграничувања мора да биде утврдена со соодветна сметководствена исправа.

3.10. Признавање на запишан капитал

Заради фактот што во ЦР на РСМ при уписот на Претпријатието во 2006 година не е впишана вредноста на државниот капитал, што е во спротивно со член 10 Точка 3 од Законот за ЈП како и со одредбите од Законот за трговски друштва, како активност е пристапено кон обезбедување на предуслови за впишување на имотот на ЈП. Во 2019 година, Владата на РСМ даде согласност на иницијативата на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања за координација со економските ресори да се одржи координативен состанок помеѓу ЈП Студенчица и ЦРРСМ со цел разрешување на состојбата по наодот на независниот ревизор за упис на основните средства како капитал на ЈП а кои произлегуваат од делбениот биланс.

ЈП Студенчица Кичево во 2019 година доби Мислење од страна на Министерството за економија заведено под бр.15-5875/3 со датум од 25.12.2019 година во кое се наведува дека ЈП немаат основна главнина туку имаат само средства за работа и дека кај ЈП основачкиот влог не постои па поради тоа истиот не се запишува во тековната состојба при ЦРРСМ.

3.11. Признавање на ревалоризациона резерва

Ревалоризационата резерва (ревалоризациониот вишок) произлегува од објективно вреднување на нетековните средства после нивното почетно признавање според нивната набавна вредност.

Ревалоризациониот вишок ги покрива загубите кои произлегуваат од вреднување на нетековните средства.

Остатокот после ова покривање а по излезот на тековното средство од Билансот, ќе се пренесе во задржана добивка согласно законските прописи.

3.12. Признавање на резервите

Резервите се искажуваат по номинална вредност со издвојување од нето добивка и тоа посебно за законски резерви, посебно за статутарни резерви и посебно за останати резерви.

3.13. Признавање на задржана (акумулирана) амортизација

Во деловните книги посебно се искажува задржаната (нераспределена) добивка, а посебно искажаната загуба од работењето.

Искажаната загуба може да се покрие од задржаната добивка само со Одлука на Управни одбор на ЈП со согласност на Владата на РСМ и во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва.

Доколку настане загуба, истата се покрива од позициите на капиталот. Исплатата на добивката се спроведува врз основа на одлука на Управниот одбор на ЈП во согласност на Владата на РСМ и според одредбите на Законот за трговски друштва.

Аванс на добивка може да се исплаќа ако во меѓу пресметковниот период ЈП искажува добивка, при тоа да не постои пренесена загуба и со соодветно исполнување на сите останати услови од Законот за трговски друштва.

3.14. Добивка или загуба во тековната година

Добивката или загубата во тековната година се искажува по одаочување како добивка (нето добивка) за распределба, односно загуба од работењето во тековната година. Нето загубата може да се покрие од задржаната добивка од претходни години само со Одлука на УО на Претпријатието во согласност со Владата на РСМ и одредбите од ЗТД.

3.15. Долгорочни обврски

Обврските спрема поврзаните претпријатија, обврските по заеми, обврските спрема кредитните институции, обврските за аванси, обврските спрема добавувачите и останатите долгорочни обврски се искажуваат по номинална вредност зголемена за достасаните камати согласно склучените договори.

Овие обврски се класифицираат како долгорочни, доколку на датумот на извештајот за финансиската состојба рокот на доспевање е подолг од 12 месеци. Долгорочните резервирања се искажуваат како долгорочни обврски за гаранции и отпремнини.

Обврските искажани во девизи се пресметуваат по средниот курс на НБРСМ на денот на билансирањето но и на крајот на секој месец во случај кога се отплаќаат долгови.

3.16. Краткорочни обврски

Обврските по заеми, обврските спрема кредитните институции, обврските за аванси, депозити и гаранции, обврските спрема добавувачите, обврските спрема вработените, обврските за даноци, придонеси и други давачки, обврските врз основа на удели во резултатот и останатите краткорочни обврски се искажуваат во вредност која е искажана во соодветната сметководствена исправа (зголемена за каматите согласно склучените договори и прописи), односно, согласно одлуките од надлежен орган на ЈП. Овие обврски се класифицираат како краткорочни, доколку на датумот на извештајот за финансиска состојба рокот на доспевање им е до 12 месеци.

3.17. Одложени плаќања на трошоци и приходи за идните периоди (ПВР)

На товар на пресметковниот период се пресметуваат и трошоците за кои не постојат соодветни сметководствени исправи за да се признаат како обврска а за кои со сигурност може да се утврди дека се однесуваат на тековниот пресметковен период. Кога ќе се прибаваат документи за признавање на обврските, се врши укинување на временските разграничувања во корист на сметките на обврски.

Приходите за кои нема услови за признавање во тековниот пресметковен период, согласно МСС 18 се одложуваат преку временски разграничувања за идни периоди. Во корист на временските разграничувања се евидентираат и наплатените приходи кои се однесуваат за идни периоди а за кои не било искажано соодветно побарување.

3.18. Приходи

Претпријатието остварува приходи од собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење, на прехранбена вода, одржување и експлоатација на регионалниот водовод Студенчица, како и приходи од продажба на електрична енергија произведена од МХЕ (мали хидро електрани) кои приходи се искажуваат на посебни сметки.

Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест или на побарувањето и тие се евидентираат со примена на фактичност на настаните и се книжат во моментот на нивното настанување.

Приходите се признаваат ако истовремено се зголемат средствата или се намалат обврските.

Приходите од продажба на производи се признаваат ако:

- на купувачите се пренесени сите ризици и користи од сопственоста над производите (искористена вода, електрична енергија и слично);
- ЈП не задржува, ниту трајно управување, ниту контрола над производите;
- износот на приходите може да се измери;
- е веројатно дека продадените производи ќе се наплатат;
- трошоците кои настанале или кои ќе настанат во врска со продажбата може со сигурност да се измерат.

Ако во моментот на настанување на настанот се процени дека наплатата е неизвесна, приходите се одложуваат. За реализацијата која се однесува на претходните пресметковни периоди и за онаа која во тековниот пресметковен период е евидентирана во корист на приходите а не е наплатлива, се врши исправка на побарувањата на товар на трошоците.

За приходите што не се дефинирани со овој акт се применува МСС 18 и други стандарди.

Приходите остварени од Државни поддршки вклучувајќи ги и немонетарните поддршки, ќе бидат признати по објективна вредност доколку се во согласност со придружните услови и доколку истите се примени.

Државните поддршки се признаваат како приход во периодите кои се неопходни за нивно спротивставување со поврзаните трошоци.

Приходите од Државните поддршки се одобруваат во извештајот сеопфатна добивка посебно како други приходи и тие се одземаат во известувањето за поврзаниот период.

3.19. Расходи

Расходите се признаваат согласно точка 77 до точка 79 и од точка 93 до точка 97 од Рамката за составување и презентирање на финансиските извештаи (МСФИ).

Во политиките за признавање на расходите, ЈП се придржува до следните критериуми:

- расходите имаат за последица намалување на средствата или зголемување на обврските и истите можат да се измерат со сигурност;
- расходите имаат директна поврзаност со настанатите трошоци и посебните позиции на приходите;
- кога се очекува остварување на приходите во повеќе идни пресметковни периоди, тогаш признавањето на расходите се врши со постапката на разумна алокација на пресметковните периоди;
- расходот веднаш се признава во пресметковниот период кога издатокот не остварува идни економски користи и нема услови да се признае како позиција на активата на билансот;
- расходот веднаш се признава во пресметковниот период и тогаш кога настанала обврска а нема услови да се признае како позиција на активата (точки 93-97 од Рамката).

Сите трошоци и расходи кои се однесуваат на пресметковниот период мораат да бидат опфатени во финансиските извештаи. Расходите се признаваат врз основа на принципот на „спротивставување“ кој вклучува истовремено признавање на приходите и расходите кои произлегуваат од една иста трансакција.

Каде што не постои можност или има потешкотија во спротивставувањето на приходите и расходите, се применува пристапот на целосно расходување на сите настанати трошоци.

3.20. Завршни одредби

За оние средства, обврски, приходи и расходи за кои со овој акт не се утврдени сметководствени политики ќе се применува основниот третман за нивно мерење утврден во соодветните МСФИ.

Со донесување на овие Основни сметководствени политики, престануваат да важат претходно донесените сметководствени политики бр.02-1281/1-7/2 од 19.07.2013 година, сметководствените политики за дополнување на основните сметководствени политики бр.02-78/1-7/2 од 10.01.2014 година и сметководствените политики бр.02-484/1-3/2 од 17.02.2014 година.

Овој акт влегува во сила со денот на донесување.

БЕЛЕШКА 4. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

4.1. Финансиски ризици и управување со истите

Претпријатието влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Претпријатието е изложено и политики за управување со нив се следните:

4.1.1. Кредитен ризик

Претпријатието е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите стасани обврски за плаќање. Претпријатието има значајна концентрација на кредитен ризик со оглед на фактот дека има мал број на купувачи. Претпријатието има изградено посебни политики за управување со кредитниот ризик кои се донесени во согласност со прифатените Одлуки од Владата на РСМ.

4.1.2. Каматен ризик

Респектирајќи го фактот дека Претпријатието во 2025 година не користи краткорочни и долгорочни кредити и позајмици слободно може да се заклучи дека во тековната година не е изложено на кредитен ризик.

4.1.3. Ризик од неликвидност

Претпријатието е изложено на ризик од неликвидност кога нема да биде во можност со своите парични средства редовно да ги плаќа стасаните обврски спрема своите доверители. Ваквиот ризик Претпријатието го надминува со континуирано обезбедување на потребни парични средства за сервисирање на своите пристигнати обврски, така што слободно може да се заклучи дека Претпријатието не е изложено на ваков вид на ризик.

4.1.4. Даночен ризик

Согласно законските прописи во Република Северна Македонија, финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Претпријатието подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните биланси за тековната година. Во текот на 2025 година во Претпријатието не е вршена контрола од страна на даночните власти. Сепак дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не можат да се определат со разумна сигурност.

4.2. Финансиски инструменти

4.2.1. Ризик на финансирање

Претпријатието врши финансирање на своето работење од сопствени средства (акумулирана добивка и амортизација) со цел да обезбеди соодветен повраток на вложувањата. Претпријатието континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа која со состојба на 31 декември тековна и претходна година е следна:

	Во илјади (000) МКД	
Долгорочна задолженост	**2025**	**2024**
Долгорочни обврски	-	-
Парични средства и парични еквиваленти	9.318	3.375
Нето обврски	**(9.318)**	**(3.375)**
Вкупно капитал и резерви	420.888	414.976
% на долгорочна задолженост во однос на капиталот	**(2,21)%**	**(0,81)%**

	Во илјади (000) МКД	
Вкупна задолженост	**2025**	**2024**
Вкупни обврски (краткорочни и долгорочни)	1.083	1.920
Вкупни средства	421.971	416.896
% на вкупна задолженост во однос на вкупните средства	**0,25%**	**0,46%**

4.2.2. Ризик од промена на каматите

Претпријатието се изложува на промени на каматните стапки во случај кога користи кредити и позајмици или има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки. Претпријатието има орочено депозити со фиксни каматни стапки. Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот на годините е:

	Во илјади (000) МКД	
Финансиски средства	**2025**	**2024**
Некаматоносни		
Парични средства	9.318	3.375
Побарувања од купувачи	215.980	198.927
Дадени аванси	60	-
Останати побарувања	3.330	3.856
Вкупно	**228.688**	**206.158**
Каматоносни со фиксна каматна стапка		
Парични средства на сметки	-	-
Дадени депозити во банки	60.000	60.000
Дадени заеми на поврзани друштва	-	-
Вкупно	**60.000**	**60.000**
Финансиски обврски		
Некаматоносни		
Обврски кон добавувачи	104	1.111
Останати тековни обврски	979	809
Вкупно	**1.083**	**1.920**
Каматоносни	**-**	**-**
Обврски по кредити со фиксна каматна стапка	-	-
Обврски по кредити со променлива каматна стапка	-	-
Вкупно	**-**	**-**

4.2.3. Ризик од неликвидност

Претпријатието е изложено на ризик од неликвидност кога нема да биде во можност со своите парични средства редовно да ги плаќа стасаните обврските спрема своите доверители и кредитори. Ваквиот ризик Претпријатието го надминува со континуирано обезбедување на потребни парични средства за сервисирање на своите пристигнати обврски.

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Претпријатието со состојба на 31 декември според нивната доспеаност.

Во илјади (000) денари

2025 година

	Недоспеани	**До 30 дена**	**До 1 година**	**Од 1- 3 години**	**Над 3 години**	**Вкупно**
Парични средства	-	9.318	-	-	-	9.318
Побарувања од купувачи	9.236	-	27.790	78.708	100.246	215.980
Побарувања за дадени аванси	-	-	60	-	-	60
Побарувања од државата по основ на за даноци	-	-	3.330	-	-	3.330
Побарувања од вработени	-	-	-	-	-	-
Останати побарувања	-	-	-	-	-	-

Долгорочни финансиски средства	-	-	60.000	-	-	60.000
Вкупно средства	**9.236**	**9.318**	**91.180**	**78.708**	**100.246**	**288.688**
Обврски спрема добавувачи во земјата	-	-	104	-	-	104
Обврски за аванси депозити и кауции	-	-	-	-	-	-
Обврски по земи и кредити	-	-	-	-	-	-
Останати обврски	979	-	-	-	-	979
Вкупно обврски	**979**	**-**	**104**	**-**	**-**	**1.083**

Во илјади (000) денари

2024 година

	Недоспеани	До 30 дена	До 1 година	Од 1- 3 години	Над 3 години	Вкупно
Парични средства	-	3.375	-	-	-	3.375
Побарувања од купувачи	7.725	-	23.675	66.446	101.081	198.927
Побарувања за данок на добивка	-	-	3.824	-	-	3.824
Побарувања од вработени	-	-	32	-	-	32
Останати побарувања	-	-	-	-	-	-
Долгорочни финансиски средства	-	-	60.000	-	-	60.000
Вкупно средства	**7.725**	**3.375**	**87.531**	**66.446**	**101.081**	**266.158**
Обврски спрема добавувачи во земјата	-	-	1.111	-	-	1.111
Обврски за аванси депозити и кауции	-	-	-	-	-	-
Обврски по земи и кредити	-	-	-	-	-	-
Останати обврски	809	-	-	-	-	809
Вкупно обврски	**809**	**-**	**1.111**	**-**	**-**	**1.920**

БЕЛЕШКА 5. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

	Во илјади (000) МКД	
Приходи од продажба	**2025**	**2024**
Приходи од продажба на ЈКП 5%	49.807	43.225
Приходи од продажба на струја на АД ЕЛЕМ 18%	21.772	16.966
Приходи од продажба на струја на МЕПСО 18%	13.423	14.291
Вкупно	**85.002**	**74.482**

БЕЛЕШКА 6. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

	Во илјади (000) МКД	
Останати приходи	**2025**	**2024**
Останати приходи од работењето	97	192
Вкупно	**97**	**192**

БЕЛЕШКА 7. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

	Во илјади (000) МКД	
Трошоци за суровини и материјали	**2025**	**2024**
Суровини и материјали (за производство)	151	89
Материјали (за администрација, управа и продажба)	169	93
Енергија (за производство)	1.439	1.603
Резервни делови и материјали за одржување (за производство)	182	267
Ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за производство)	332	293

Вкупно	**2.273**	**2.345**

БЕЛЕШКА 8. УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

	Во илјади (000) МКД	
Услуги со карактер на материјални трошоци	**2025**	**2024**
Транспортни услуги	3	2
Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет	554	564
Услуги за одржување и заштита	349	322
Наем - лизинг	284	284
Комунални услуги	91	45
Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми	15	30
Останати услуги	516	402
Вкупно	**1.812**	**1.649**

БЕЛЕШКА 9. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

	Во илјади (000) МКД	
Останати трошоци од работењето	**2025**	**2024**
Трошоци за надомест и други примања на членови на Управен и Надзорен одбор, одбор на директори и управители	1.414	1.489
Репрезентација	313	726
Осигурување	412	283
Банкарски услуги и трошоци за платен промет	103	127
Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки	171	141
Останати трошоци на работењето	1.075	4.499
Вкупно	**3.489**	**7.264**

БЕЛЕШКА 10. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

	Во илјади (000) МКД	
Трошоци за вработени	**2025**	**2024**
Плата и надоместоци на плата - бруто (за производство)	49.591	47.631
Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци	62	149
Надоместоци на трошоци на вработените и подароци	-	-
Останати трошоци за вработените	5.135	4.625
Вкупно	**54.788**	**52.405**

БЕЛЕШКА 11. АМОРТИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

	Во илјади (000) МКД	
Амортизација на основни средства	**2025**	**2024**
Амортизација на нематеријални средства	2.069	2.137
Амортизација на материјални основни средства	16.327	16.606
Вкупно	**18.396**	**18.743**

БЕЛЕШКА 12. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

	Во илјади (000) МКД	
Останати расходи од работењето	**2025**	**2024**
Казни, пенали, надоместоци за штети и друго	-	0
Останати расходи од работењето	28	12
Вкупно	**28**	**12**

БЕЛЕШКА 13. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

	Во илјади (000) МКД	
Финансиски приходи	**2025**	**2024**
Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва	2.433	2.701
Вкупно	**2.433**	**2.701**

БЕЛЕШКА 14. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

	Во илјади (000) МКД	
Финансиски расходи	**2025**	**2024**
Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва	0	658
Вкупно	**0**	**658**

БЕЛЕШКА 15. ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

	Во илјади (000) МКД	
Добивка/загуба пред оданочување	**2025**	**2024**
Добивка/загуба пред оданочување	6.746	(5.701)
Пресметан данок по намалување	**6.746**	**(5.701)**

БЕЛЕШКА 16. ДАНОК НА ДОБИВКА

Согласно важечките законски прописи Претпријатието пресметува и плаќа данокот на добивка.

	Во илјади (000) МКД	
Пресметка на данок на добивка	**2025**	**2024**
Финансиски резултат од БУ	6.746	(5.701)
Непризнати расходи за даночни цели	1.598	6.028
Даночна основа	8.344	327
Намалување на даночна основа	-	-
Даночна основа по намалување	8.344	327
Пресметан данок на добивка (10% x даночна основа)	834	33
Намалување на пресметаниот данок на добивка	-	-
Пресметан данок по намалување	**834**	**33**

БЕЛЕШКА 17. НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА

	Во илјади (000) МКД	
Нето добивка/загуба	**2025**	**2024**

Нето добивка/загуба	5.911	(5.734)
Вкупно	**5.911**	**(5.734)**

БЕЛЕШКА 18. ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА

	Во илјади (000) МКД	
Вкупна сеопфатна добивка/загуба	**2025**	**2024**
Вкупна сеопфатна добивка/загуба	5.911	(5.734)
Вкупно	**5.911**	**(5.734)**

БЕЛЕШКА 19. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

			Во илјади (000) МКД
Вид на нематеријални средства	**Издатоци за развој**	**Софтвер и останати права**	**Вкупно**
Набавна вредност на НС (состојба на 01.01.2025)	**26.190**	**11.498**	**37.688**
- директни зголемувања	-	-	-
- прекнижувања	-	-	-
- расходи и отуѓувања	-	-	-
- ревалоризација	-	-	-
Состојба на НС на 31.12.2025	**26.190**	**11.498**	**37.688**
Исправка на НС на 01.01.2025	**(15.738)**	**(5.143)**	**(20.882)**
- амортизација	(2.036)	(33)	(2.069)
- расходи и отуѓувања	-	-	-
- ревалоризација	-	-	-
Состојба на исправката на НС на 31.12.2025	**(17.774)**	**(5.177)**	**(22.951)**
Сегашна вредност на НС на 31.12.2025	**8.416**	**6.321**	**14.737**

			Во илјади (000) МКД
Вид на нематеријални средства	**Издатоци за развој**	**Софтвер и останати права**	**Вкупно**
Набавна вредност на НС (состојба на 01.01.2024)	**24.165**	**11.498**	**35.663**
- директни зголемувања	2.025	-	2.025
- прекнижувања		-	-
- расходи и отуѓувања	-	-	-
- ревалоризација	-	-	-
Состојба на НС на 31.12.2024	**26.190**	**11.498**	**37.688**
Исправка на НС на 01.01.2024	**(13.650)**	**(5.095)**	**(18.745)**
- амортизација	(2.088)	(49)	(2.137)
- расходи и отуѓувања	-	-	-
- ревалоризација	-	-	-
Состојба на исправката на НС на 31.12.2024	**(15.738)**	**(5.143)**	**(20.882)**
Сегашна вредност НС на 31.12.2024	**10.452**	**6.354**	**16.806**

БЕЛЕШКА 20. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Во илјади (000) МКД

Вид на основно средство	Земјиште	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства	Вкупно
Набавна вредност на ОС (состојба на 01.01.2025)	**1.036**	**808.064**	**139.730**	**19.886**	**968.716**
- директни зголемувања	-	-	449	216	665
- прекнижувања	-	-	-	-	-
- расходи и отуѓувања	-	-	-	-	-
- реваloризација	-	-	-	-	-
Состојба на ОС на 31.12.2025	**1.036**	**808.064**	**140.178**	**20.102**	**969.381**
Исправка на ОС на 01.01.2025		**(745.512)**	**(78.001)**	**(11.530)**	**(835.044)**
- амортизација		(14.131)	(1.912)	(283)	(16.326)
- расходи и отуѓувања		-	-	-	-
- реваloризација		-	-	-	-
Состојба на исправката на ОС на 31.12.2025		**(759.643)**	**(79.913)**	**(11.814)**	**(851.370)**
Сегашна вредност на ОС на 31.12.2025	**1.036**	**48.421**	**60.265**	**8.288**	**118.010**

Во илјади (000) МКД

Вид на основно средство	Земјиште	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства	Вкупно
Набавна вредност на ОС (состојба на 01.01.2024)	**1.036**	**808.064**	**139.649**	**19.883**	**968.632**
- директни зголемувања	-	-	81	3	84
- прекнижувања	-	-	-	-	-
- расходи и отуѓувања	-	-	-	-	-
- реваloризација	-	-	-	-	-
Состојба на ОС на 31.12.2024	**1.036**	**808.064**	**139.730**	**19.886**	**968.716**
Исправка на ОС на 01.01.2024		**(731.403)**	**(76.023)**	**(11.109)**	**(818.536)**
- амортизација		(14.108)	(2.076)	(421)	(16.606)
- расходи и отуѓувања		-	-	-	-
- реваloризација		-	-	-	-
Состојба на исправката на ОС на 31.12.2024		**(745.512)**	**(78.001)**	**(11.530)**	**(835.044)**
Сегашна вредност на ОС на 31.12.2024	**1.036**	**62.552**	**61.728**	**8.356**	**133.672**

БЕЛЕШКА 21. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

	Во илјади (000) МКД	
Долгорочни финансиски средства	**2025**	**2024**
Депозит на 13 месеци ЦКБ	30.000	30.000
Депозит на 13 месеци ЦКБ	30.000	30.000
Вкупно	**60.000**	**60.000**

Долгорочните финансиски средства се однесуваат на:

1. Орочен депозит во Централна Кооперативна Банка со Договор бр.0804-13 од 26.12.2025 година во износ од 30.000 илјади денари. Рок на орочување на депозитот е 13 месеци и каматната стапка од 3,61% на годишно ниво;

2. Орочен депозит во Централна Кооперативна Банка со Договор бр.0804-11 од 28.11.2025 година во износ од 30.000 илјади денари. Рок на орочување на депозитот е 13 месеци и каматната стапка од 3,61% на годишно ниво.

БЕЛЕШКА 22. ЗАЛИХИ

	Во илјади (000) МКД	
Залихи	**2025**	**2024**
Залиха на ситен инвентар, амбалажа и автогуми	333	116
Вкупно	**333**	**116**

Залихите се однесуваат на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и авто гуми во употреба и истите се искажуваат по набавна вредност а се евидентираат според трошокот за набавка во согласност со МСС 2. Ситниот инвентар во употреба се отпишува дел еднократно при ставање на истиот во употреба а дел по методот на калкулативен отпис според векот на траење.

БЕЛЕШКА 23. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

	Во илјади (000) МКД	
Краткорочни побарувања	**2025**	**2024**
Побарувања од купувачи	**215.980**	**198.927**
Побарувања од купувачи во земјата	215.980	198.927
Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции во земјата	**60**	**-**
Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции во земјата	60	-
Побарувања од државата по основ на даноци	**3.330**	**3.824**
Побарување за повеќе уплатен ДД	3.330	3.824
Побарување од вработени	**-**	**32**
Останати побарувања од вработените	-	32
АВР	**203**	**144**
Однапред платени трошоци	203	144
Вкупно	**219.573**	**202.926**

	Во илјади (000) МКД	
Старосната структура на побарувањата од купувачи	**2025**	**2024**
Недоспеани	9.236	7.725
До 1 година	27.790	23.675
Од 1 до 3 години	78.708	66.446
Над 3 години	100.246	101.081
Вкупно	**215.980**	**198.927**

БЕЛЕШКА 24. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

	Во илјади (000) МКД	
Парични средства и парични еквиваленти	**2025**	**2024**
Парични средства на трансакциски сметки во денари	**9.310**	**3.371**
Стопанска Банка	2.230	883
Централна Кооперативна банка	2.830	404
Уни Банка	176	1.098
Халк Банка	4.075	987

Парични средства во благајна	**8**	**4**
Вкупно	**9.318**	**3.375**

Од Извештајот за паричните текови даден во финансиските извештаи на страна 8, можи да се види дека Претпријатието има:

	Во илјади (000) МКД	
Паричен тек	**2025**	**2024**
Паричен тек од оперативни активности	6.607	(23.280)
Паричен тек од инвестициски активности	(665)	7.794
Паричен тек од финансиски активности	-	-
Нето пораст/намалување на готовината:	**5.943**	**(15.487)**

БЕЛЕШКА 25. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

	Во илјади (000) МКД	
Главнина и резерви	**2025**	**2024**
Основна главнина запишан и уплатен капитал	441.452	441.452
Задржана (акумулирана) добивка од претходни години	-	-
Добивка од тековната година	5.911	-
Пренесена загуба од претходни години	(26.476)	(20.742)
Загуба за тековната година	-	(5.734)
Вкупно	**420.888**	**414.976**

Извештајот за промените во главнината и резервите е прикажан во финансиските извештаи на страна 7.

Од Тековната состојба може се види дека сопственик на Претпријатието е Владата на Република Северна Македонија. ЈП се обрати до Министерството за економија за да добие мислење околу запишаната/не запишаната основна главнина при што доби допис заведен со архивски број 15-5875/3 од 25.12.2019 година во кој се образложува дека ЈП немаат основна главнина ниту основачки влог, туку евидентираат само основни средства за работа (врска Ургенција бр.45-9193/1 од 05.12.2019 година).

БЕЛЕШКА 26. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

	Во илјади (000) МКД	
Тековни обврски	**2025**	**2024**
Обврски спрема добавувачи	**104**	**1.111**
Обврски спрема добавувачи во земјата	104	1.111
Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата	**10**	**-**
Обврски спрема вработени	**33**	**-**
Обврски за нето плати	32	-
Останати обврски спрема вработени	1	-
Тековни даночни обврски	**829**	**702**
Обврски за данокот на додадена вредност	818	690
Обврски за персонален данок на доход	12	12
Останати краткорочни обврски	**106**	**106**
Обврски за надомест и други примања на членови на Управен и Надзорен	106	106
Вкупно	**1.083**	**1.920**

	Во илјади (000) МКД	
Старосната структура на обврски спрема добавувачи	**2025**	**2024**
Недоспеани	979	-

До 1 година	104	1.111
Од 1 до 3 години	-	-
Над 3 години	-	-
Вкупно	**1.083**	**1.111**

БЕЛЕШКА 27. СУДСКИ СПОРОВИ

Во изминатиот период Претпријатието заведе повеќе судски постапки и тоа пред Основните судови во Гостивар, Прилеп, Кичево и Скопје против ЈКП за наплата на побарувања кои се однесуваат на минати години поради непочитување на одредбите од Спогодбите за одложено плаќање направени во 2014 и 2016 година.

Поради непостапување по склучените основни договори и анекси кон договорите на корисниците односно на ЈКП, донесена е Одлука на 03.10.2022 година за продолжување на рокот за исполнување на доспеаните обврски на ЈКП Комуналец Кичево, ЈКП Долнени, ЈКП Комуна Крушево, ЈКП Водовод и канализација Македонски брод како и Одлука за продолжување на рокот за ЈП Комуналец Пласница и ЈП Пелагонија Кривогаштани. По препорака на Владата на РСМ бр.41-4916 од 06.06.2023 година, донесена е Одлука од страна на УО на ЈП Студенчица Кичево за раскинување на Спогодбите со горе наведените ЈКП. По раскинување на Спогодбите, ЈП Студенчица Кичево достави барање за извршување до месно надлежните Извршители за наплата на неплатените обврски на должниците ЈКП корисници на вода. Но и покрај тоа ЈП Студенчица од Кичево не можеше да спроведе присилно извршување од расположливите средства на жиро сметките на должниците односно на ЈКП поради причини што согласно одредбите на членот 218 од Законот за извршување врз предмети и права сопственост на РСМ и на нејзините органи, врз единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања доколку тие се неопходни за вршење на дејноста (определен е минимален месечен паричен износ кој е неопходен за вршење на дејноста).

Во 2025 година ЈП Студенчица Кичево се јавува како тужител во 4 судски постапки против ЈКП за наплата на побарувања во вкупен износ од 197.198 илјади денари (главен долг, судски трошоци и казнени камати) при што Раководството на Претпријатието очекува позитивен исход особено поради фактот што со ЈПКД Комуналец Кичево има склучено Спогодба со клаузула на извршна исправа каде како солидарен должник се јавува Општината Кичево во вкупен износ од 124.338 илјади денари (главен долг, судски трошоци). Против ЈП Студенчица Кичево е покрената една судска постапка по основ на работен однос при што може да се очекува одлив на парични средства но износот не можат да се квантифицираат се до завршување на судската постапка. Раководството на Претпријатието очекува позитивен исход од овие судски постапки.

БЕЛЕШКА 28. ЈАВНИ НАБАВКИ

Сите набавки во 2025 година Претпријатието ги врши во согласност со Законот за јавни набавки и со сите други позитивни прописи.

За потребите на јавните набавки Претпријатието има изготвено Годишен план за јавни набавки за 2025 година, којшто беше доставен до Управниот одбор на усвојување и истиот соодветно го усвоил.

Комисијата за јавни набавки се формирана за секоја јавна набавка посебно и тоа со Одлука за јавна набавка. Комисијата за јавни набавки ги спроведува јавните набавки и го предлага најповолниот понудувач во согласност со законите и прописите за јавни набавки, како и во согласност со барањата и препораките на Бирото за јавни набавки.

Годишниот план за јавни набавки за 2025 година е донесен на 23.01.2025 година и е заведен под архивски број 02-177/5-1. Истиот содржи вкупно 30 предмети на договори за јавни набавки/рамковни спогодби. На 18.02.2025 година со архивски број 02-1018/1-4 е донесен план за измена и дополнување на годишен план за јавни набавки за 2025 година.

БЕЛЕШКА 29. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

По датумот на составување на извештајот за финансиската состојба до датумот на предавањето на ревизорскиот извештај не се случиле материјално значајни настани кои би можеле да предизвикаат корекции во финансиските извештаи и кои би требало да бидат обелоденети во оваа белешка.

За целосно согледување на последователните настани се приложува бруто биланс заклучно со 28.02.2026 година.

За ЈП Студенчица Кичево

Директор

Дејан Пандилески

Законска обврска за составување на Годишна сметка и Годишен извештај за работењето во согласност со одредбите од ЗТД

Во согласност со член 476, став 4 од Законот за трговски друштва Годишната сметка која ја изготвуваат Друштвата вклучува Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатна добивка и објаснувачки белешки.

Годишната сметка и финансиските извештаи кои се однесуваат на иста деловна година и кои се подготвени во согласност со одредбите на Законот и прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на Претпријатието за деловната година.

Во согласност со член 477 став 14 од Законот за трговски друштва, Органот на управување на Претпријатието, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи е должен по завршување на секоја деловна година да изготви и Извештај за работењето на Претпријатието за претходната година со содржина определена во член 384 став 7 од ЗТД.

Во согласност со член 23 и 23-а од ЗЈП, директорот е должен да достави Извештај за работењето на Претпријатието до УО, а во согласност со член 19 од ЗЈП, УО на Претпријатието покрај годишната сметка е должен по завршување на секоја деловна година да го усвои и Извештајот за работењето на Претпријатието.

Во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка, истата се состои од Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатна добивка и објаснувачки белешки.

Разлики во начинот на презентирање на ставките во обрасците на Годишната сметка и ставките во финансиските извештаи подготвени според Правилникот за водење на сметководство не се појавуваат.

Годишната сметка на Претпријатието и Годишниот извештај за работењето се дадени во Додатоците 2 и 3.

Директорот на Претпријатието го изготвил и потпишал годишниот извештај за работењето.

За ЈП Студенчица Кичево

Директор

Дејан Пандилески

Годишна сметка

- Извештај за финансиската состојба
- Извештај за сеопфатна добивка

ЕМБС: 05532523
Целосно име: Јавно претпријатие за водоснабдување Студенчица Кичево Ndërmarrja Publike për furnizim me ujë Studençica Kërçove Public enterprise for water supply Studenchica Kichevo
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2025

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки и други прилози
Финансиски извештаи

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
1	- - АКТИВА: А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)	192.746.955,00			210.478.068,00
2	- - I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+006+007+008)	14.737.039,00			16.806.207,00
4	- - Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права	14.737.039,00			16.806.207,00
9	- - II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)	118.009.916,00			133.671.861,00
10	- - Недвижности (011+012)	49.456.409,00			63.587.622,00
11	- - Земјиште	1.035.710,00			1.035.710,00
12	- - Градежни објекти	48.420.699,00			62.551.912,00
13	- - Постројки и опрема	60.264.762,00			61.728.367,00
14	- - Транспортни средства	8.288.745,00			8.355.872,00
21	- - IV. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (022+023+024+025+026+030)	60.000.000,00			60.000.000,00
30	- - Останати долгорочни финансиски средства	60.000.000,00			60.000.000,00
36	- - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)	229.021.279,00			206.273.737,00
37	- - I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043)	333.094,00			116.171,00
39	- - Залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	333.094,00			116.171,00
45	- - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)	219.370.124,00			202.782.291,00
47	- - Побарувања од купувачи	215.979.549,00			198.926.649,00
48	- - Побарувања за дадени аванси на добавувачи	60.245,00			
49	- - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	3.330.330,00			3.823.501,00

50	- - Побарувања од вработените				32.141,00
59	- - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)	9.318.061,00			3.375.275,00
60	- - Парични средства	9.318.061,00			3.375.275,00
62	- - VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)	202.696,00			143.909,00
63	- - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)	421.970.930,00			416.895.714,00
65	- - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)	420.887.545,00			414.976.103,00
66	- - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА	441.451.830,00			441.451.830,00
76	- - VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)	26.475.727,00			20.742.009,00
77	- - IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	5.911.442,00			
78	- - X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА				5.733.718,00
81	- - Б. ОБВРСКИ (082+085+095)	1.083.385,00			1.919.611,00
95	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)	1.083.385,00			1.919.611,00
97	- - Обврски спрема добавувачи	104.220,00			1.111.312,00
99	- - Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати	22.161,00			11.794,00
100	- - Обврски кон вработените	853,00			
101	- - Тековни даночни обврски	850.151,00			690.495,00
108	- - Останати краткорочни обврски	106.000,00			106.010,00
111	- - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)	421.970.930,00			416.895.714,00

Биланс на успех

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
201	- - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)	85.098.707,00			74.673.607,00
202	- - Приходи од продажба	85.001.589,00			74.482.018,00
203	- - Останати приходи	97.118,00			191.589,00
207	- - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)	80.785.355,00			82.418.157,00
208	- - Трошоци за суровини и други материјали	2.273.160,00			2.345.206,00
211	- - Услуги со карактер на материјални трошоци	1.811.916,00			1.649.383,00
212	- - Останати трошоци од работењето	3.488.810,00			7.264.100,00
213	- - Трошоци за вработени (214+215+216+217)	54.787.957,00			52.404.538,00
214	- - Плати и надоместоци на плата (нето)	32.654.657,00			31.405.192,00
215	- - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	2.836.532,00			2.743.758,00
216	- - Придонеси од задолжително социјално осигурување	14.099.758,00			13.482.097,00
217	- - Останати трошоци за вработените	5.197.010,00			4.773.491,00

218	- - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	18.395.723,00			18.742.659,00
222	- - Останати расходи од работењето	27.789,00			12.271,00
223	- - III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)	2.432.565,00			2.701.321,00
230	- - Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	2.432.565,00			2.701.321,00
234	- - IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)	39,00			657.767,00
239	- - Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	39,00			657.767,00
246	- - Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)	6.745.878,00			
247	- - Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244)				5.700.996,00
250	- - Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)	6.745.878,00			
251	- - Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248)				5.700.996,00
252	- - Данок на добивка	834.436,00			32.722,00
255	- - НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)	5.911.442,00			
256	- - НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254)				5.733.718,00
257	- - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	60,00			59,00
258	- - Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	12,00			12,00
269	- - Добивка за годината	5.911.442,00			
270	- - Загуба за годината				5.733.718,00
288	- - Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)	5.911.442,00			
291	- - Вкупна сеопфатна загуба за годината (270+287) или (270-286) или (287-269)				5.733.718,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
605	- - Сегашна вредност на софтвер со лиценца (< или = АОП 004 од БС)	1.611.356,00			1.390.427,00
609	- - Земјишта	1.035.710,00			1.035.710,00
612	- - Сегашна вредност на градежни објекти од високоградба кои се користат за вршење дејност (< или = АОП 012 од БС)	7.069.105,00			7.069.105,00
613	- - Сегашна вредност на објекти од нискоградба (< или = АОП 012 од БС)	41.351.595,00			55.482.808,00
614	- - Сегашна вредност на информациска опрема и телекомуникациска опрема (< или = АОП 013 од БС)	60.264.762,00			61.728.367,00
615	- - Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 013 од БС)	8.288.745,00			8.355.871,00

630	- - Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси и останати побарувања од сите субјекти во земјата и странство (< или=АОП 006+АОП 017+АОП 030+АОП 034+АОП 035+ АОП 046+ АОП 047+АОП 049+ АОП 050+АОП 051+АОП 057+АОП 062 ОД БС)	60.000.000,00			60.000.000,00
643	- - Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на домашен пазар (< или = АОП 202 од БУ)	85.001.589,00			74.482.018,00
661	- - Останати приходи од работењето (< или = АОП 203 од БУ)	97.118,00			191.589,00
668	- - Трошоци за суровини и материјали (< или = АОП 208 од БУ)	151.189,00			89.495,00
669	- - Огрев, гориво и мазива (< или = АОП 208 од БУ)	112.970,00			164.914,00
671	- - Канцелариски материјали (< или = АОП 208 од БУ)	169.398,00			92.734,00
675	- - Вода (< или = АОП 208 од БУ)	8.678,00			48.614,00
676	- - Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ)	603.625,00			500.583,00
677	- - Потрошени енергетски горива (< или = АОП 208 од БУ)	664.366,00			858.740,00
678	- - Потрошени резервни делови и материјали за одржување (< или = АОП 208 од БУ)	181.953,00			267.492,00
679	- - Отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми (во производство) (< или = АОП 208 од БУ)	332.509,00			292.957,00
680	- - Транспортни услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	2.625,00			1.678,00
682	- - ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	557.159,00			564.385,00
686	- - Наемнини за деловни простории во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	283.848,00			283.892,00
693	- - Еднократен надоместок во вид на испратнина заради трајно работно ангажирање под услови утврдени со закон (< или = АОП 217 од БУ)				83.782,00
694	- - Јубилејни награди (< или = АОП 217 од БУ)				135.003,00
695	- - Регрес за годишен одмор (< или = АОП 217 од БУ)	5.134.829,00			4.406.111,00
707	- - Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители	1.414.368,00			1.488.892,00
709	- - Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ)	313.156,00			725.741,00
710	- - Премии за осигурување на имот (< или = АОП 212 од БУ)	412.310,00			282.809,00
711	- - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ)	102.592,00			126.579,00
713	- - Придонеси кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ)	171.083,00			140.820,00
717	- - Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ)	1.075.301,00			4.494.259,00
718	- - Казни, пенали надоместоци за штети и друго (< или = АОП 222 од БУ)	27.789,00			12.271,00

722	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	60,00			59,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
4286	- 35.110 - Производство на електрична енергија од необновливи извори	13.422.601,00			
4298	- 36.000 - Собирање, обработка и снабдување со вода	74.108.671,00			

Потпишано од:

Katerina Stankoska

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2,
OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust
Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

ПЕЧАТИ ЛИСТА НА ГОДИШНИ СМЕТКИ

Годишен извештај за работењето

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ **СТУДЕНЧИЦА** КИЧЕВО
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR FURNIZIM ME UJË **STUDENÇICA** KËRÇOVË
PUBLIC ENTERPRISE FOR WATER SUPPLY **STUDENCHICA** KICHEVO
Булевар Ослободување 60А/I-1, П.Фах 23, 6250 Кичево
Bulevardi i Çlirimit 60A/I-1 P.fax 23, 6250 Kërçovë
Boulevard Osloboduvanje 60A/I-1, P.fax 23, 6250 Kichevo
Тел/Tel: 045/220-121
www.studencica.com.mk e-mail: jpstudencica@yahoo.com

И З В Е Ш Т А Ј З А Р А Б О Т А
за 2025 година

Кичево, февруари 2026 година

Содржина на извештајот

1.	*Вовед*	*3*
2.	*Општ дел*	*4*
3.	*Технички работи*	*7*
4.	*Општо-кадровски, нормативни и правни работи*	*20*
5.	*Економско-финансиско работење*	*81*

1. ВОВЕД

Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" - Кичево како правен субјект е настанато со статусна промена, делење на ЈП за водоснабдување "Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје на две јавни претпријатија. Со Одлука на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување " Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје бр.0201-267 од 09.05.2001 година на која Владата на РМ даде согласност со Одлука бр. 23-3213/1 од 12 јули 2001 година објавена во Сл.весник на РМ бр.53 од 12 јули 2001 година. Со наведената статусна промена целокупниот капитал и средства на ЈП "Студенчица и Злетовица" Скопје остануваат во сопственост на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" Скопје, како и сите права и обврски на ЈП "Студенчица и Злетовица" Скопје во целост ги презема ЈП "Студеница" Скопје. ЈП "Студенчица и Злетовица " Скопје е бришано од судскиот регистар со Решение Срег.бр.268/2001 од 23.07.2001 година, а новото ЈП " Студенчица" Скопје е впишано во трговскиот регистар при Основниот суд Скопје 1 со Решение рег.бр.2706/2001 од 23.7.2001 година.

Дејноста на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" Кичево е утврдена во член 2 на горенаведената Одлука: **36.00 - Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехранбена вода** и одржување и експлоатација на Регионалниот водовод "Студенчица" за потребите на делови од 7 (седум) општини и тоа: Кичево, Пласница, Македонски Брод, Долнени, Крушево, Кривогаштани и Прилеп и технолошка и санитарна вода за потребите на РЕК "Осломеј.

Во текот на 2009 година од страна на Владата на РМ, дадена е согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување "Студенчица" Скопје, бр. 02-145/1-2/1 од 30.01.2009 год. за проширување на дејноста на ЈП, **35.11 производство на електрична енергија**.

Во текот на 2013 година од страна на Владата на РМ, дадена е согласност за дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување Студенчица со нова дејност **11.07 Производство на освжителни пијалоци, производство на минерална вода и друга флаширана вода.**

Според ОСНОВНО РЕШЕНИЕ за регионално водоснабдување на Кичево со ТЕ "Осломеј", Македонски Брод, Прилеп и Крушево со населените места со вода од изворот на р. Студенчица, од јануари 1975 година, на крајот од проектниот период предвидено е да се водоснабдуваат, покрај четирите градови и 68 населени места долж трасата на цевоводот, односно 72 заедно со градовите, со вкупен број од 192 051 жители.

Состојбата со приклучоците на регионалниот водовод, односно со приклучените населени места, на крајот од 2025 година не е променета во однос на претходната 2024 година. Според очекуваниот прираст, бројот на жителите кои се водоснабдуваат од Регионалниот водовод и приклучените населени места, на крајот од 2025 година е следна:

- Вкупно предвидени и приклучени населени места 56,
- Вкупно предвидени и не приклучени населени места 22,
- Вкупно не предвидени, а приклучени населени места 21,

Од вкупниот збир на приклучени населени места (предвидени 56 и непредвидени 21) и предвидени, а не приклучени населени места 22 се добива бројка од 99 населени места, што е за 27 населени места повеќе од предвидените со Основното решение, односно зголемен е бројот на населените места за 27.28%. Според бројот на жители вкупно се водоснабдуваат 129.785 жители што претставува 32.42%

помалку во однос на предвидените во Основното решение од 192.051 жители на крајот на проектниот период 2010 година.

2. ОПШТ ДЕЛ

Од Програмата за работа за 2025 година која е изработена во рамките на финансиските можности на ЈП и потребите на регионалниот водоснабдителен систем, реализирани се дел од предвидените активности.

Единичната цена на водата за корисниците на РВ Студенчица за 2025 година е согласно Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението, на кој Владата на РМ даде согласност со Одлука на давање на согласност на ценовникот за висина на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем, бр.41-736/4 од 03 септември 2024 година објавена во Службен весник на РСМ бр.185/2024 и цените се прикажани во следниот табеларен преглед Т-2.1.Истите се различни според оддалеченоста од изворот и изнесуваат:

Т-2.1. Преглед на единичните цени за 2025 година

Правно лице	Единечна цена (ден/м^3)
1. ЈКП "Комуналец" ЦО Кичево	1.7700
2. ЈКП "Комуналец" ЦО Македонски Брод	2.7700
3. ЈКП "Комуна" ЦО Крушево	3.5100
4. ЈКП "Комуналец" ЦО Прилеп	3.5100
5. ЈКП "Комуналец" Долнени	3.5100
6. ОЈПКД "Пелагонија" Кривогаштани	3.5100
7. ЈПКД "Комуналец" Пласница	2.7700
8. РЕК Осломеј с.Осломеј	7.2329

На 29.10.2024 година Управниот одбор на јавното претпријатие (постапувајќи по Нацрт-записникот од дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија бр.41-9570/1 од 1 октомври 2024 година , по Точка 32: кадровски прашања) за Вршител на должноста заменик директор во јавното претпријатие го именува Вулнет Ибрахими почнувајќи од 29.10.2024 година, со мандат од 6 (шест) месеци , заклучно со 29.04.2025 година.

Управниот одбор на јавното претпријатие на 13-та Седница од 28.04.2025 година го разреши Вулнет Ибрахими од должноста вршител на должноста заменик директор на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, заклучно со 28.04.2025 година.

Управниот одбор на јавното претпријатие на 13-та Седница од 28.04.2025 година го именува Вулнет Ибрахими за вршител на должноста заменик директор на ЈП за водоснабдување„Студенчица“Кичево за период од 29.04.2025 година до 29.10.2025 година.

Управниот одбор на јавното претпријатие на 5-та Седница од 30.10.2025 година донесе Заклучок бр.02-1460/1-3 за престанок на работниот однос на Вулнет Ибрахими од должноста вршител на должноста заменик директор на ЈП „Студенчица“Кичево на 30.10.2025 година.

Во извештајниот период има намалување на кадарот односно во редовна старосна пензија влегуваат двајца извршители и тоа:

- сменоводител во дежурна служба во одделение за обезбедување и ПП заштита 1 (едно) лице на ден 27.09.2025 година и

- чувар на објект во одделение за обезбедување и ПП заштита 1 (едно) лице на ден 05.11.2025 година.

Во извештајниот период има зголемување на кадарот -согласно Годишен план за вработување за 2025 година бр.02-538/1 од 27.03.2025 година и тоа:

1. По објавен **Оглас бр.662/2025 од 01.07.2025 година од Агенција за администрација, по** Предлог за вработување со.арх.бр. 10-1567/10 од 04.08.2025 година, со предлог за работно место помошник директор за правни, заеднички работи и човечки ресурси, со шифра КДР 01 02 Б01 010, со Индентификациски код 82С36СА, со Катерина Попоска се склучи договор за вработување бр.04-1571/1 од 18.11.2025 година.
2. По објавен **Оглас бр.936/2025 од 04.08.2025 година од Агенција за администрација, по** Предлог за вработување со.арх.бр.10-2108/11 од 11.12.2025 година, со предлог за работно место помлад соработник за правни и општи работи,со шифра КДР 01 02 В04 016, со Индентификациски код В9ЕВА29, со Даниела Вељаноска се склучи договор за вработување бр.04-1770/2 од 23.12.2025 година.
3. По објавен **Оглас бр.1/2025 од 31.07.2025 година објавен** во три дневни весници, Нова Македонија и Слободен печат, на македонски јазик, и Коха, на албански јазик**, согласно** Записник од Комисија за селекција во постапка за вработување со.арх.бр.03-1570/1 од 18.11.2025 година, за работно место чувар на објект,со шифра КДР 04 02 А02 005, со Влатко Попоски се склучи договор за вработување бр.04-1657/2 од 03.12.2025 година.
4. По објавен **Оглас бр.1/2025 од 31.07.2025 година објавен** во три дневни весници, Нова Македонија и Слободен печат, на македонски јазик, и Коха, на албански јазик**, согласно** Записник од Комисија за селекција во постапка за вработување со.арх.бр.03-1570/1 од 18.11.2025 година, за работно место чувар на објект,со шифра КДР 04 02 А02 005, со Влатко Попоски се склучи договор за вработување бр.04-1657/2 од 03.12.2025 година.
5. По објавен **Оглас бр.2/2025 од 04.12.2025 година објавен** во три дневни весници, Нова Македонија и Слободен печат, на македонски јазик, и Коха, на албански јазик**, согласно** Записник од Комисија за селекција во постапка за вработување со.арх.бр.03-1730/1 од 15.12.2025 година, за работно место чувар на објект,со шифра КДР 04 02 А02 005, со Шемши Сула се склучи договор за вработување бр.04-1824/2 од 29.12.2025 година.
6. По објавен **Оглас бр.2/2025 од 04.12.2025 година објавен** во три дневни весници, Нова Македонија и Слободен печат, на македонски јазик, и Коха, на албански јазик**, согласно** Записник од Комисија за селекција во постапка за вработување со.арх.бр.03-1730/1 од 15.12.2025 година, за работно место чувар на објект,со шифра КДР 04 02 А02 005, со Шемши Сула се склучи договор за вработување бр.04-1823/2 од 29.12.2025 година.

На крајот на деловната 2025 година има 62 вработени, од кои 61 вработени на неопределено време и 1 (еден) со менаџерски договор Директорот на јавното претпријатие.

Во ЈП во законски предвидениот рок е донесен Годишен план за вработување за 2025 година и Предлог финансиски план за вработување за 2025 година и Измена на Годишен план за вработување за 2025 година бр.538/1 од 27.03.2025 (за 3 извршители Чувар на објект, со статус помошно технички лица, за 2 извршители со статус административни службеници,воедно е планирано пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување на 4 извршители на следните :

1. Унапредување од работно место КДР 03 05 Б03 029 Оперативен техничар за водовод, на работно место КДР 03 05 Б03 004 Груповодител за одржување на водоводна мрежа,
2. Унапредување од работно место КДР 03 05 Б03 029 Оперативен техничар за водовод, на работно место КДР 03 05 Б03 004 Груповодител за одржување на водоводна мрежа,
3. Унапредување од работно место КДР 04 02 А02 005 Чувар на објект, на работно место КДР 04 02 А01 005 Одговорен за работници за обезбедување и портири, со статус помошно технички лица и
4. Унапредување од работно место КДР 04 03 А02 004 Возач, на работно место КДР 04 02 А01 005 Одговорен за работници за обезбедување и портири, со статус помошно технички лица.

Истиот е доставен до Министерството за финансии и Министерство за јавна администрација, Мислење од надлежните ресорни министерства примени во ЈП: со арх.бр. 09-2056/3 од 16.05.2025 година со Позитивно Мислење од Министерство за јавна администрација и арх.бр. 08-32/66-1 од 12.05.2025 година со Позитивно Мислење од Министерство за финансии.

Работење на Одделението за обезбедување и ПП заштита

Во периодот Јануари – Декември 2025 година се продолжи со исполнување на законските обврски предвидени за лицата кои вршат обезбедување на лица и имот, односно постапка за новите два извршители да се стекнат со одобренија за носење оружје истите се изработени од надлежно МВР-Кичево на 02.04.2025 и 23.05.2025 година на име Уљфедин Бајрами и Блерим Тикоски.

За постојните извршители кои имаа одобренија за носење оружје (дозвола за носење на оружје издадена од надлежно МВР-Прилеп) по истек на 10 години, се поднесе нови барања и се издадоа нови дозволи за носење на оружје издадени од надлежно МВР-Прилеп со важност од 10 години односно до 2034 и 2035 година, за Горан Силјаноски издадена на 28.10.2024 предадена од МВР-Прилеп на ден 16.07.2025 година, за Дритан Имероски издадена на 27.01.2025 година и за Рубинчо Стојкоски издадена на 11.09.2025 година.

Во периодот Јануари – Декември 2025 година поништени се 2 (две) дозволи за носење на оружје поради исполнување на условите за старосна пензија и тоа за :

Богоја Лазаровски ДНО бр.002829 не се продолжи важноста и по автоматизам е неважечка, и Златко Тошески ДНО бр.003832 на 29.09.2025 година се достави до МВР-Кичево, поради ненадлежност покасно се достави до МВР-Прилеп на 31.10.2025 година.

За постојните извршители продолжи постапката да се добива од надлежното Јавно претпријатие месечен налог за носење оружје за секој месец и за секој извршител поединечно.

Јавното претпријатие е член на Комората на Република Северена Македонија за обезбедување лица и имот и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Статутот на комората за обезбедување имот и лица исто и од другите интерни општи акти .

Согласно планот за 2025 година беше планирано боево гаѓање во Центарот за обука МВР во Идризово во Скопје.

Со расположливото оружје од Центарот за обука на МВР, kонтролно гаѓање е закажано и одржано на 25.10.2025 година во 09 часот во Центарот за обука МВР во Идризово **за 14 вработени,** додека за три чувари не се изведе боево гаѓање бидејќи истите користат боледување.

Во Декември 2025 година е започната постапка за исправноста на противпожарните апарати согласно нивниот рок за употреба и сервисирање, односно во континутет секоја календарска година.

Во Декември 2025 година е започната постапка за потребната ХТЗ опрема и работна униформа за одделението за обезбедување согласно правилникот, набавката ќе се релизира на почетокот на календарска 2026 година. Со овие активности продолжува континуитетот на навремено обезбедување на средства за заштита, заштитна опрема и работна облека.

АКТИВНОСТИ СО КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП НА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Во извештајниот период за 2025 година во ЈП„Студенчица“Кичево се доставени 3 (три) барања за пристап на информации од јавен карактер, одбиени и неодговорени барања нема воедно жалби нема .

Во законскиот рок, во Јануари 2026 година доставен е Годишен извештај за 2024 година бр.03-42/2 од 12.01.2065 година за поднесени барања за пристап на информации од јавен карактер до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер .

Во извештајниот период не се посетуваа обуки on-line во врска со поефикасно имплементирање на обврските од овој Закон.

Управниот одбор на 3-та Седница од 21.10.2025 година донесе Одлука за усвојување на **Интерна процедура за постапување по поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.02-1424/1-3/1 од 21.10.2025 година**, постапувајќи по задолжение по Точка 12 од Седница на Влада на РСМ допис бр.50-5328/14 од 20.08.2025 година.

АКТИВНОСТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО 2025 ГОДИНА

Во јавното претпријатие во извештајниот период се имплементираше Законот за заштита на личните податоци. Притоа се определи **офицер за заштита на личните податоци во ЈП„Студенчица“Кичево задолжено да** го информира и советува на контролорот или обработувачот и вработените кои вршат обработка на податоци по одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

По наведениот Закон лицето задолжено за заштита на лични податоци не посетуваше online-советувања и обуки за квалитетно имплементирање на законот.

Исто така во јавното претпријатие се донесени известувања, подзаконски акти и вработените се запознаени со овој закон и по истиот имаат потпишано изјави. Во однос имплементацијата, се соработува и со Агенцијата за заштита на личните податоци. Оваа активност ке продолжи и во наредниот период.

АКТИВНОСТИ СО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД , во состав на Министерството за труд и социјална политика

Во извештајниот период 01.01.2025 до 31.12.2025 година е извршен **вонреден** инспекциски надзор од Државен инспекторат за труд, со Записник бр. ИП1–10-27 од 05.02.2025 година со констатација **дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор, Инспекциската постапка се запира .**

Вонреден инспекциски надзор од Државен инспекторат за труд се врши по пријава за повреда на работно место.

Во извештајниот период за 2025 година е извршен вонреден инспекциски надзор од Државен инспекторат за труд, со Записник бр. ИП1–30-170 од 12.05.2025 година со констатација **дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор, Инспекциската постапка се запира .**

Вонреден инспекциски надзор од Државен инспекторат за труд се врши по претходна писмена претставка од анонимен подносител за неисплаќање на бенифициран стаж на работното место чувар на објект.

Во извештајниот период за 2025 година е извршен **вонреден** инспекциски надзор од Државен инспекторат за труд, со Записник бр. ИП1–31-415 од 12.12.2025 година со констатација **дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор, Инспекциската постапка се запира .**

Вонреден инспекциски надзор од Државен инспекторат за труд се врши по пријава за повреда на работно место.

АКТИВНОСТИ СО ДРЖАВНИОТ УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Во извештајниот период 01.01.2025 до 31.12.2025 година не е извршен инспекциски надзор од Државниот управен инспекторат.

АКТИВНОСТИ СО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА во состав на Министерството за животна средина

Во извештајниот период 01.01.2025 до 31.12.2025 година е извршен редовен инспекциски надзор по месечен план од Државниот инспекторат за животна средина со Записник бр. ИП1-09-05 од 28.01.2025 година со констатација дека **не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор, Инспекциската постапка се запира .**

АКТИВНОСТИ СО АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО, сектор за инспекциски надзор

Во извештајниот период 01.01.2025 до 31.12.2025 година е извршен вонреден инспекциски надзор од Агенција за храна и ветеринарство со Записник ИП1 бр.26-367 од 26.05.2025 година со констатација дека **не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор, Инспекциската постапка се запира .**

Вонреден инспекциски надзор од Агенција за храна и ветеринарство се врши по претходно добиено Известување од ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ за неисправна анализа на вода за пиење, на земен примерок од Каптажа на РВ Студенчица на сирова вода која не одговара на микробиолошка анализа поради зголемен број на бактерии, по однос на истото АХВ нагласува дека не е во нивна надлежност и истото не го контролира.

Воедно констатирано е обврска за исполнување на стандардите за квалитет на водата за конзумирање од страна на човекот во смисол на член 183 од Законот за води**, е обврска на јавните комунални претпријатија на општините корисници на вода од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица**.

АКТИВНОСТИ СО ИНСПЕКТОРАТ ЗА УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ , во состав на Министерството за Правда

Во извештајниот период 01.01.2024 до 31.12.2024 година е извршен редовен инспекциски надзор од Инспекторат за употреба на јазиците со Записник/Решение ИП-1 БР.08-50 од 21.06.2024 година , со утврдени неправилности :Назив на субјектот покрај тоа што е на Македонски и Албански јазик треба да биде и на Англиски во Статутот на ЈП , ВО Текона состојба на субјектот и на Таблата на ЈП, потоа во решенијата за годишен одмор покрај Македонски јазик да биде и на јазикот што се зборува најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, во службената комуникација со институции покрај Македонскиот јазик да се употребува и јазикот на најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо ако еден од избраните лица зборува службен јазик различен од Македонскиот јазик, како и сите одлуки и други акти кои произлегуваат од надлежноста на субјектот на инспекцскиот надзор покрај Македонскиот јазик да се употребува и јазикот на најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.Воедно и на WEB страната на ЈП во објавениот органограм покрај Македонскиот јазик да се употребува и јазикот на најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Управниот одбор на Јавното претпријатие, како надлежен орган за донесување на Статутот и негова измена и дополна, донесе Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица “ Кичево бр.02-992/1-3 од 09.08.2024 година, во текст како во предлогот, со што се врши негово усогласување согласно член 7 став 1 од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019).

Со предлог Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево бр.02-992/1-3 од 09.08.2024 година се се постапува по Решение ИП-1 број 08-50 од 13.06.2024 година на Инспекторат за употреба на јазиците на Република Северна Македонија од Министерство за правда

на Република Северна Македонија, за постапување по изречени инспекциски мерки, за измена и дополна на Статутот на ЈП„Студенчица“ Кичево, односно се врши усогласување по однос на називот на фирмата, согласно член 7 став 1 од Законот за употреба на јазиците.

Со предлог Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево бр.02-992/1-3 од 09.08.2024 година се врши усогласување согласно член 7 став 1 од Законот за употреба на јазиците: „Називите на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, како и сите други институции и нивните подрачни единици во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во Скопје, ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо **како и на англиски јазик.** Називите ќе бидат со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо ќе биде напишан прв“.

Согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево бр.02-992/1-3 од 09.08.2024 година, од страна на Владата на Република Северна Македонија **е добиена со арх.бр.50-910/2 од 21.01.2025 година.**

Упис на промена се спроведе во ЦРМ на РСМ Регионална канцеларија Битола **на ден 11.03.2025 година**, со нова Тековна состојба и Решение издадено од ЦРМ на РСМ во календарска 2025 година.

АКТИВНОСТИ СО УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА-СЕКТОР ЗА ВОДИ , во состав на Министерството за транспорт и врски

Во извештајниот период 01.01.2025 до 31.12.2025 година од Управата за животна средина-Сектор за води нема дописи/ барања.

АКТИВНОСТИ СО ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ , во состав на Министерството за транспорт

Во извештајниот период 01.01.2025 до 31.12.2025 година **е извршен редовен инспекциски надзор** по месечен план од Државниот комунален инспекторат со Записник бр. ИП1 78-III-226 од 26.11.2025 година со констатација дека **не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор, Инспекциската постапка се запира .**

АКТИВНОСТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП

На ден 11.02.2025 изработен е Извештај од извршена контрола на микроклиматски услови и физички штетности во работна средина на ЈП„Студенчица“Кичево со бр. бр.0302-019/2 од 11.02.2025 година (со микроклиматски услови во зимски услови) од страна на овластена организација за безбедност и здравје при работа ПРОИНСПЕКТ ДОО Скопје , за Дирекција на ЈП; приземје бр.1,

просторија бр.2, РГ Другово: Диспечерска просторија, канцеларија на Заменик ВД Директор, Каптажа : просторија чуварница, сала за состаноци, кујна, ПК Барбарас : чуварница, магацин бр.1 , магацин бр.2 , магацин бр.3,кујна , РГ Варош: чуварница

Воедно извршени се обуки за безбедност и здравје при работа за 2 (два) извршители (нови вработени-Директор и ВД заменик директор) со изготвени Уверенија бр.0302-003/074 од 30.01.2025 и бр.0302-003/07 од 30.01.2025, од страна на овластена организација за безбедност и здравје при работа ПРОИНСПЕКТ ДОО Скопје .

Во Декември 2025 отпочна постапка за набавка на ХТЗ опрема за вработените согласно потребите за заштитни средства кои обезбедуваат безбедност и здравје при работа, а кои се предвидени во подзаконските акти на претпријатието, реализација во прв квартал на 2026 година.

Во извештајниот период се почитуваат мерките за заштита при работа.

АКТИВНОСТИ ЗА РЕСЕРТИФИКАЦИЈА НА НАДЗОРНА ПРОВЕРКА НА ИСО 9001: 2015 СТАНДАРДИТЕ

Извештај од проверка бр.03-01-2023 –Н11-03/2024 година од INTERCERT SYSTEM CERTIFICATION 29.03.2024 со констатација дека не е целосно усогласен со барањата на стандардот ИСО 9001:2015 се до отстранување на на неусогласеностите откриени при оваа проверка.

Во Декември 2022 отпочна постапка за Ресертификација на стандардот за менаџмент **со квалитет ИСО 9001:2015** со (3 години, 50% прва, 25% втора и трета година плаќање) , а се реализира во календарска 2023 година.

Во Септември 2023 година извршена е проверка на системот за менаџмент на контрола на квалитет и ЈП се стекна со сертификат **ИСО 9001:2015** со важност од 3 (три) години .

Во 2024 година е извршена прва надзорна проверка видно од гоенаведениот извештај бр.03-01-2023 –Н11-03/2024 година од INTERCERT SYSTEM CERTIFICATION 29.03.2024 година .

Во 2025 година е извршена втора надзорна проверка видно од извештај **бр.03-01-2023–Н2-10/2025 од 14.10.2025** година од INTERCERT SYSTEM CERTIFICATION со констатација: Системот за управување со квалитет на ЈП„Студенчица“Кичево **Е ЦЕЛОСНО УСОГЛАСЕН** со барањата на стандардот **ИСО 9001:2015** и се препорачува **продолжување на важност на сертификатот**.

Во 2026 година е предвидено постапка за Ресертификација на стандардот за менаџмент **со квалитет ИСО 9001:2015** .

АКТИВНОСТИ ОД АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ
Државен архив на Република Северна Македонија

Директорот на ЈП„Студенчица“Кичево кој беше именуван на ден 03.01.2025 година, донесе Овластување бр.03-127/1 од 15.01.2025 година за службени лица задолжени за употреба, користење и ракување со печати и штембили во ЈП„Студенчица“Кичево, воедно се донесе Овластување бр.03-127/2 од 15.01.2025

година за службени лица задолжени за канцелариско и архивско работење во ЈП„Студенчица“Кичево.

До Државниот архив на Република Северна Македонија –Подрачно одделение Охрид е доставен Опис и попис на архивската граѓа од трајна вредност за 2024 година во утврдениот законски рок до 31.03.2025 година, **со арх.бр.03-530/1 од 26.03.2025 година**.

На ден 17.11.2025 година Доставен е **План за архивски знаци бр.03-1566/2 од 17.11.2025 година,** за распоредување на актите со листа на архивски материјали со листа на архивски материјали и листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2026 година.

На ден 02.12.2025 година е добиено **Решение за давање на согласност за примена** на План за архивски знаци бр.03-1566/2 од 17.11.2025 година, за распоредување на актите со листа на архивски материјали со листа на архивски материјали и листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2026 година УП 1 БР.17-252 од 26.11.2025 година од Државниот архив на Република Северна Македонија –Подрачно одделение Охрид .

АКТИВНОСТИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

На ден 10.01.2025 година е доставен Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за 2024 година второ полугодие (Јули-Декември) со арх.бр. 03-58/1 од 10.01.2025 година до Министерството за јавна администрација.

На ден 26.06.2025 година е доставен Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за 2025 година ПРВО полугодие (Јануари-Јуни) со арх.бр. 03-922/3 од 26.06.2025 година до Министерството за јавна администрација.

На ден 02.01.2026 година е доставен Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за 2025 година второ полугодие (Јули-Декември) со арх.бр. 03-04/1 од 02.01.2026 година до Министерството за јавна администрација.

Во законски утврдениот рок е доставен План за вработување бр.1040/1 од 19.08.2024 година за 2025 година до Министерство за финасии и Министерство за јавна администрација.

Добиено е позитивно Мислење од Министерството за за финасии со бр.08-133/144 и бр.08-133/235 од 07.10.2024 година .

По однос на горе наведениот План за вработување, Министерство за јавна администрација достави Информација бр.09-1961/1 од 14.11.2024 година, со насока да се достави нов Годишен План за вработување за 2025 во согласност со новата Методологија објавена во („Службен весник на РСМ“ бр.225/24 од 06.11.2024 година), со ретроактивна примена, со задолжение податоците од претходниот план да бидат пресликани во новиот образец.

ЈП„Студенчица“Кичево постапи по задолжението и донесе нов План за вработување бр.1642/1 од 28.11.2024 година за календарска 2025 година, истиот се достави на Мислење до Министерство за јавна администрација.

Добиено е позитивно Мислење од Министерството за јавна администрација со бр.09-1961/4 од 31.12.2024 година .

На ден 01.04.2025 година ЈП„Студенчица“Кичево достави до Министерство за финасии, Финансиски план за измена на финасискиот план за вработување бр.01-

541/1-2 од 28.03.2025 година и Измена на Годишен План за вработување за 2025 година со бр.01-538/1 од 27.03.2025 година на согласност.

Добиено е позитивно Мислење од Министерството за финасии со бр.08-32/66-1 12.05.2025 година .

На ден 13.05.2025 година ЈП„Студенчица“Кичево достави до Министерство за јавна администрација, Измена на Годишен План за вработување за 2025 година со бр.01-538/1 од 27.03.2025 година на согласност.

Добиено е позитивно Мислење од Министерството за јавна администрација, со бр.09-2056/3 од 16.05.2025 година .

На ден 10.01.2025 година е доставен Извештај за реализација на Годишниот план за обуки за административни службеници за 2024 година со арх.бр. 03-56/2 од 10.01.2025 година до Министерството за јавна администрација.

На ден 25.12.2024 година е доставен Годишниот план за обуки за административни службеници за 2025 година со арх.бр. 03-1829/2 од 25.12.2024 година до Министерството за јавна администрација.

На ден 02.01.2026 година е доставен Годишниот план за обуки за административни службеници за 2026 година со арх.бр. 03-03/1 од 02.01.2026 година до Министерството за јавна администрација.

На ден 09.01.2026 година е доставен Извештај за реализација на Годишниот план за обуки за административни службеници за 2025 година со арх.бр. 03-30/1 од 09.01.2026 година до Министерството за јавна администрација.

Извршено е и оценување на вработените од јавното претпријатие за календарска 2025 година и тоа: за административни службеници од 16 извршители за 15 извршители е извршено а за еден административен службеник не е извршено поради тоа што во Декември 2025 година е ново вработување, и за даватели на услуга од 19 извршители за 19 извршители е извршено .

Во законски утврдениот рок е доставен Табеларен преглед за оценување на вработените од јавното претпријатие и тоа : за административни службеници со арх.бр. 03-1718/2 од 12.12.2025 година и за даватели на услуги арх.бр. 03-1719/2 од 12.12.2025 година.

На ден 10.03.2025 година ЈП„Студенчица“Кичево достави Правилник за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места на ЈП„Студенчица“Кичево бр.02-437/1 од 07.03.2025 година до Министерство за јавна администрација на согласност.

Добиено е Писмена согласност од Министерството за јавна администрација, со бр.09-1406/3 од 23.05.2025 година .

На ден 18.06.2025 година ЈП„Студенчица“Кичево достави Правилник за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места на ЈП„Студенчица“Кичево бр.02-872/1 од 16.06.2025 година до Министерство за јавна администрација на согласност.

Добиена е Писмена согласност од Министерството за јавна администрација, со бр.09-1406/5 од 23.06.2025 година .

Добиена е Писмена согласност од Министерството за јавна администрација, односно ИСПРАВКА со бр.09-1406/6 од 04.07.2025 година , се работи за погрешно цитиран број на Правилник од страна на Министерството за јавна администрација.

ПОСТАПКА НА РЕВИЗИЈА НА МАТЕРИЈАЛНО- ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „СТУДЕНЧИЦА„ КИЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА ОД СТРАНА НА НЕЗАВИСНА РЕВИЗОРСКА КУЌА ЗА ВРШЕЊЕ РЕВИЗИЈА

Во извештајниот период е извршена ревизија на материјално-финансиско работење за 2024 година, постапувајки по Планот за јавни набавки за 2024 година, согласно Програмата за работа за 2024 година, ангажира независна ревизорска куќа за вршење на ревизија на материјално-финансиското работење на ЈП „Студенчица“ Кичево за 2024 година со склучен Договор бр.05-1733/1 од 12.12.2024 година и арх.бр.04-254/1 од 17.12.2024 година по спроведената ревизија на материјално-финансиското работење од страна на независна ревизорска куќа, од страна на Друштво за ревизија **ПЕРК Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп**, заверен во јавното претпријатие **со бр:01-614/1 од 14.04.2025 година**, изработен е Извештајот на независните ревизори со биланс на состојба, биланс на успех, Извештај за промените на главнината, извештај за паричните текови, белешки на финансиски извештаи за годината што завршува на 31.12.2024 година.

Управниот одбор на 14-та седница, одржана на **05.05.2025** година, донесе Одлука за прифаќање во целост на Извештајот на независниот ревизор за Финансиски извештаи за годината што завршува на 31.12.2024 година, на ЈП „Студенчица“ Кичево, согласно барањата на сметководствени стандарди прифатени во Република Македонија, со Извештај на независниот ревизор, Финансиски извештаи, извештај за финансиска состојба, Извештај за добивка или загуба, Извештај за промените на главнината,Извештај за паричните текови и Белешки кон финансиските извештаи со додатоци :

Додаток 1.Законска обврска за составување на Годишна сметка и годишен извештај на работењето, Додаток 2. Годишна сметка (Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатна добивка и Извештај за останата сеопфатна добивка) и Додаток 3.Годишен извештај за работењето, изработен од страна на Друштво за ревизија **ПЕРК Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп**, заверен во јавното претпријатие **со бр:01-614/1 од 14.04.2025 година година**.

Во Декември 2025 отпочна постапка за јавна набавка–Ревизија на материјално-финансиско работење за 2025 година на јавното претпријатие, избрана е најповолна понуда, со склучен Договор бр.05-1579/1-16 од 24.12.2025 година и арх.бр.04-311/1 од 24.12.2025 година со избраната независна ревизорска куќа Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп и по завршување на 2025 година веднаш ќе се пристапи кон ревизија на материјално-финансиско работење за 2025 година на јавното претпријатие од страна на независната ревизорска куќа.

АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ДОНЕСЕНИОТ ЦЕНОВНИК И СКЛУЧУВАЊЕ АНЕКС –ДОГОВОРИ СО ЈКП КОРИСНИЦИ

Во извештајниот период јавното претпријатие ги фактурира услугите согласно донесениот Ценовник од Управниот одбор за цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на Јавното претпријатие „Студенчица“ Кичево за

регулиран период 2024-2026 година, со бр.02-835/1-2 од 03.07.2024, согласност добиена од Владата на Република Северна Македонија со арх.бр.41-736/4 од 3 Септември 2024 година.

Решение за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево за регулиран период 2024-2026 година од Регулаторна комисија за енергетика УП1 бр.08-272/24 од 06.06.2024 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 126/24 од 13 јуни 2024 година).

Во извештајниот период, не се постапува по склучени Основните договори за водоснабдување како и Анекс договорите со корисниците ЈКП кои се применуваат од 01.01.2021 година стариот ценовник и новиот ценовник со примена од 4 Септември 2024 година, и во текот на целиот извештаен период, **односно ЈКП корисниците не ги исполнуваат обврските редовно.**

Имено, согласно задолжението од триесет и третата Седница на Генерален колегиум на државни секретари од 14 Септември 2022 година, за преземање на конкретни мерки и активности за подобрување на наплатата на неплатените побарувања,по претходно мислење од Надзорен одбор , Управниот одбор донесе :

- -На 03.10.2022 година донесена Одлука за продолжување на рокот на исполнување на доспеани обврски на ЈКП„Комуналец“ Кичево, ЈКП „Долнени"Долнени, ЈКП„Комуна" Крушево и ЈКП „Водовод и канализација" Македонски Брод и кои произлегуваат по склучени спогодби во 2014 година и доспеани обврски по тековни фактури со состојба 31.12.2022 година се утврдува заклучно со 31.12.2023 година
- На 03.10.2022 година донесена Одлука за продолжување на рокот на исполнување на обврски на ЈП „Комуналец“ Пласница и ЈП „Пелагонија“ Кривогаштани се утврдува заклучно со 31.12.2023 година

По препораката од Извадок на Нацрт записник од 158 седница на Владата на РСМ бр. 41-4916 одржана на 6 јуни 2023 година, Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „ Студенчица“ Кичево на седницата одржана на 12.06.2023 година, донесе Одлука за раскинување на спогодбите бр.02-901/1-1 од 12.06.2023 година, со ЈП Комуналец Кичево спогодба бр.03-554/1 од 26.02.2014 година, ЈП Комуна Крушево спогодба бр.03-437/1 од 12.02.2014 година, ЈКП Долнени Долнени спогодба бр.03-464/1 од 14.02.2014 година и ЈКП Комуналец Пласница спогодба бр.02-1019/1 од 24.06.2016 година, ЈКП„ВИК“ Македонски Брод спогодба бр.03-419/1 од 11.02.2014 година.

По раскинувањето на спогодбите, ЈП „Студенчица“ Кичево достави Барања за Извршувања до месно надлежните Извршители за наплата на неплатените побарувања од должниците ЈКП корисници на вода.

Прашањето станува уште посериозно поради фактот што **јавното претпријатие не може да спроведе присилно извршување од расположливите средства на жиро сметка на должникот односно ЈКП корисниците**, од причина што по наоѓање на Основниот суд (месно надлежен) со примена на одредбата од член 218 од Закон за извршување , врз предмети и права на Република Македонија, и нејзините органи, единиците на локална самоуправа и јавните претпријатија, **не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања доколку тие се неопходни за**

вршење на дејноста односно обврските (определен е минимален месечен паричен износ кој е неопходен за вршење на дејноста) .

Согласно горе наведеното должниците ЈКП корисници на вода, откако се обезбедија со „определен минимален месечен паричен износ кој е неопходен за вршење на дејноста“ на Основниот суд (месно надлежен), **во континуитет не ги исполнуваат и тековните доспеани обврски по основ на испорака на вода** .

По однос на тековните доспеани обврски по основ на испорака на вода на територија Прилеп и Крушево, ден 20.11.2023 година ЈП„Студенчица“Кичево се овластува **Адвокат Хамдије А.Тафа од Кичево,** со полномошно за застапување да поднесе **Предлог за донесување на Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна изјава**, кај Нотар месно надлежен на територијата на Основниот суд Прилеп, против должниците ЈКП корисници на вода по однос на неплатени и доспеани фактури и тоа за **ЈКП„Долнени“ Долнени**, **ЈКПД„ Комуна“ Крушево и ОЈПКД „Пелагонија“ Кривогаштани**, како и да ги превземе сите потребни правни дејствија за заштита на правата и интересите во предметите, а доколку има потреба да ги превзема сите потребни процесни дејствија како пред Основниот суд Прилеп и пред Апелационен суд Битола, **период на утужување од од 30.06.2013 до 30.06.2023 година**, образложено детално подолу во Преглед на утужени побарувања кон корисници ЈКП.

По истек на договор за застапување со **Адвокат Хамдије А.Тафа од Кичево, по насока на Управниот одбор на ЈП„**Студенчица**“** Кичево,се овластува **Адвокат Александар Мицкоски од Кичево.** образложено детално подолу во Преглед на утужени побарувања кон корисници ЈКП.

По однос на тековните доспеани обврски по основ на испорака на вода на територија Кичево и Македонски Брод, на ден 20.11.2023 година ЈП„Студенчица“ Кичево е овластува **Адвокат Хамдије А.Тафа од Кичево,** со полномошно за застапување да поднесе **Предлог за донесување на Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна изјава**, кај Нотар месно надлежен на територијата на Основниот суд Кичево, против должниците ЈКП корисници на вода по однос на неплатени и доспеани фактури и тоа за ЈКП„Комуналец“ Кичево, ЈКП „Комуналец“Пласница **и** ЈКП„ВИК“ Македонски Брод, како и да ги превземе сите потребни правни дејствија за заштита на правата и интересите во предметите, а доколку има потреба да ги превзема сите потребни процесни дејствија како пред Основниот суд Кичево и пред Апелационен суд Гостивар, **период на утужување од од 30.06.2013 до 30.06.2023 година**.

По истек на договор за застапување со **Адвокат Хамдије А.Тафа од Кичево, по насока на Управниот одбор на ЈП„**Студенчица**“** Кичево, се овластува **Адвокат Влатко Сајкоски од Кичево,** образложено детално подолу во Преглед на утужени побарувања кон корисници ЈКП.

Во извештајниот период јавното претпријатие фактурира согласно Анекс-договорите со ЈКП корисници на вода, согласно Ценовникот за цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на Јавното претпријатие **„**Студенчица**“** Кичево за регулиран период 2024-2026 година, со бр.02-835/1-2 од 03.07.2024 година.

Во извештајниот период јавното претпријатие ги фактурира услугите согласно донесениот **Ценовник** од Управниот одбор за цената на сурова вода од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица **кон РЕК Осломеј,** со бр.02-233/1-2 од 04.022025 година и бр.50-1012/4 од 04.02.2025 година, согласност добиена од Владата на Република Северна Македонија со арх. бр.50-1012/4 од 04.02.2025 година објавено во („Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 27/25), со влегување во сила на 08.02.2025 година.

ПРЕГЛЕД НА УТУЖЕНИ ПОБАРУВАЊА КОН ЈКП КОРИСНИЦИ НА ВОДА ОД РЕГИОНАЛНИОТ ВОДОВОД СТУДЕНЧИЦА

1. **Основен суд Гостивар ТС Пл 8/14 Правосилна 25.02.2014 и извршна 13.03.2014 г.**
   НОТАР ИСА АЈДИНИ Кичево УПДР бр. 624/13
   (Правосилно и извршно 18.08.2015 година)

- **И.бр. 1371/23 од 27.06.2023 година од** Извршител Весна Јакимовска именуван за подрачјето на Основен суд Гостивар и Кичево

  Тужен ЈКП„Комуналец“ Пласница „AD ACTA “
  Вредност 1.223.880,00 денари
  Период на утужување од 01.06.2009 година до 30.06.2013 година.
  Предлог за донесување на Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Дозвола за извршување од нотар.

По поднесен приговор од должникот во Основен суд Гостивар донесена е пресуда поради признавање на долг ТС Пл 8/14 (правосилна и извршна)

Со Одлука од Управен одбор бр.02-901/1-1 од 12.06.2023 година за раскинување на Спогодба за исполнување на долг од минати години бр.02-1019/1 од 24.06.2016 година, и согласно член 12 од Спогодбата: „ако корисникот на услуга не се придржува кон одредбите од оваа Спогодба, автоматски станува неважечка, а обврските на корисникот на услуги се враќа во претходна состојба во полн износ, односно корисникот на услуги ќе биде задолжен за одобрениот дисконт на тековни фактури и за отпис по ратите за кои извршиле плаќање“.

На ден 21.06.2023 година е доставено Барање за извршување со бр.03-950/1 од 21.06.2023 година, на Пресуда ТС Пл 8/14 од Основен суд Гостивар до Извршител Весна Јакимовска именуван за подрачјето на Основен суд Гостивар и Кичево, **примено кај Извршителот на ден 22.06.2023 година и заведено со број на налог И.бр. 1371/23 од 27.06.2023 година.**

На ден 20.07.2023 година во ЈП е примено Решение ППНИ.бр.57/2023 од 12.07.2023 година од Основен суд Кичево, со изрека: „Се определува минимален месечен паричен износ кој е неопходен за вршење на дејноста односно задачите на должникот ЈП“Комуналец“Пласница, **во износ од 497.176,00 денари до кој износ нема да се спроведува извршување** по Налог за извршување И.бр. 1371/23 од 27.06.2023 година и И.бр. 1398/23 од 05.07.2023 година на Извршител Весна Јакимовска од Гостивар“ .

- **СКЛУЧЕНА СПОГОДБА СО ДОЛЖНИК ЈКП„Комуналец“Пласница**

❖ Надзорниот одбор на ЈП „Студенчица“Кичево донесе Одобрение бр.02-291/1-2 од 12.02.2025 година за склучување на спогодба со клаузула на извршна исправа со

ЈКП„Комуналец“Пласница **за начинот и условите за исполнување на главен долг, без камати, со состојба заклучно со 31.12.2024 година.**

- Управниот одбор на ЈП„Студенчица“Кичево донесе Одлука за начинот и условите за исполнување на главен долг, без камати, со состојба заклучно со 31.12.2024 година за испорачана сирова вода од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон ЈКП „Комуналец“ Пласница, со арх.бр. 02-295/1-2 од 12.02.2025 година.
- ЈКП „Комуналец“ Пласница како должник даде Изјава за признавање на долг заклучно со 31.12.2024 година заверен кај овластен нотар (**солемнизација)** бр.03-277/2 од 11.02.2025 година.
- ЈП„Студенчица“Кичево и ЈКП „Комуналец“ Пласница потпишаа Записник за сметководствено срамнување на меѓусебни побарувања и обврски, со Картици на конто 120396 за период од 01.01.2013 до 31.12.2024 година со бр.03-277/1 од 10.02.2025 година.
- ЈП „Студенчица“Кичево како доверител склучи Спогодба со клаузула на извршна исправа со главниот должник ЈКП„Комуналец“Пласница и солидарниот должник Општина Пласница со бр.02-286/2 од 12.02.2025 година.
- Солемнизација-Согодба во својство на извршна исправа **ОДУ.бр.38/2025 од 17.12.2025 година од Нотар Кристина Петреска** именувана за подрачјето за Основен суд Кичево, склучена помеѓу ЈП „Студенчица“Кичево како доверител со главниот должник ЈКП„Комуналец“Пласница и солидарниот должник Општина Пласница.
- ЈКП„Комуналец“Пласница се обврзува заедно со првата рата предвидена во склучената Спогодба со ЈП „Студенчица“Кичево да ги платат и сите досега направени судски такси, судски трошоци, нотарски награди и трошоци направени во постапки пред нотар, судови и постапки за извршување кои се однесуваат на конкретното ЈКП како и трошоците за повлекување на извршните предмети И.бр. 1731/23 и И.бр. 1398/23, што ќе следат по потпишување на спогодбата .
- ЈП„Студенчица“Кичево **достави Барање за повлекување на** И.бр. 1731/23 и И.бр. 1398/23 до Извршител Весна Јакимовска именуван за подрачјето на Основен суд Гостивар и Кичево, со арх.бр.03-319/1 од 17.02.2025 година.
- Извршител Весна Јакимовска именуван за подрачјето на Основен суд Гостивар и Кичево, достави Заклучок за запирање со извршување од сметка-Образец бр.80 примено ЈП со арх.бр.03-358/1 од 24.02.2025 година и арх.бр.03-358/2 од 24.02.2025 година по налозите И.бр. 1731/23 и И.бр. 1398/23.
- Спогодбата е во целост исполнета со уплата на третата рата на ден 11.09.2025 година, врз основа на Картица на конто бр.120396 за период од 01.01.2025 до 16.09.2025 година и е доставена Потврда за исполнетост на Спогодбата до главниот должник ЈКП„Комуналец“Пласница и солидарниот должник Општина Пласница, а со денот на последна уплата останува со доспеан тековен долг за тековни фактури од 1.627.154,00 денари заклучно со фактура за месец Август 2025 година.
- Извршител Весна Јакимовска именуван за подрачјето на Основен суд Гостивар и Кичево, достави предмет за враќање на извршни исправи а во врска со И.бр. 1731/23 и И.бр. 1398/23, со арх.03-1442/1 од 27.10.2025 година.
  - **Предметот е „AD ACTA“ односно е решен и дефинитивно затворен.**

2. Основен суд Гостивар Пресуда ТС. ПЛ 1 269/13 од 25.02.2014 година

Пресудата е правосилна 25.02.2014 и извршна 13.03.2014 година.
НОТАР ИСА АЈДИНИ Кичево УПДР бр 623/13 од 15.11.2013

- **И.бр. 1369/23 од 23.06.2023 година Извршител Весна Јакимовска** именуван за подрачјето на Основен суд Гостивар и Кичево

Тужен ЈПКД „Комуналец“ Кичево
Вредност 67.050.683,00 денари
Период на утужување од 01.09.2001 година до 30.06.2013 година

Предлог за донесување на Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Дозвола за извршување од нотар.

По поднесен приговор од должникот во Основен суд Гостивар донесена е пресуда поради признавање на долг ТС Пл 1 269/13 (правосилна и извршна)

Со Одлука од Управен одбор бр.02-901/1-1 од 12.06.2023 година за раскинување на Спогодба за исполнување на долг од минати години бр.03-554/1 од 26.02.2014 година, и согласно член 12 од Спогодбата: „ако корисникот на услуга не се придржува кон одредбите од оваа Спогодба, автоматски станува неважечка, а обврските на корисникот на услуги се враќа во претходна состојба во полн износ, односно корисникот на услуги ќе биде задолжен за одобрениот дисконт на тековни фактури и за отпис по ратите за кои извршиле плаќање“.

На ден 21.06.2023 година е доставено **Барање за извршување** со бр.03-948/1 од 21.06.2023 година, на Пресуда ТС Пл 1 269/13 од 25.02.2014 година од Основен суд Гостивар, до Извршител Весна Јакимовска именуван за подрачјето на Основен суд Гостивар и Кичево, примено кај Извршителот на ден 22.06.2023 година **и заведено со број на налог И.бр. 1369/23 од 04.07.2023 година.**

На ден 04.07.2023 година од страна на Извршител Весна Јакимовска доставен е Образец бр.79 и број на налог **И.бр. 1369/23.**

На ден 26.07.2023 година во ЈП е примено Решение ППНИ.бр.56/2023 од 10.07.2023 година од Основен суд Кичево, со изрека: „Се определува минимален месечен паричен износ кој е неопходен за вршење на дејноста односно задачите на должникот ЈКП“Комуналец“Кичево, **во износ од 15.931.918,00 денари до кој износ нема да се спроведува извршување** по Налог за извршување И.бр. 1369/23 од 23.06.2023 година на Извршител Весна Јакимовска од Гостивар“ .

На ден 07.09.2023 година од Извод број 46 од Стопанска банка на сметка на ЈП од страна на Извршител Весна Јакимовска од Гостивар се префрлени **7.984.692,00** денари по основ на И.бр. 1369/23 и **ТС ПЛ 1 269/13.**

На ден 15.10.2024 година од Извод број 47 од Стопанска банка на сметка на ЈП од страна на Извршител Весна Јакимовска од Гостивар се префрлени **1.487.404,00** денари по основ на И.бр. 1369/23 и **ТС ПЛ 1 269/13.**

На ден 02.11.2023 година во ЈП е примено Решение ППНИ.бр.63/2023 од 24.10.2023 година од Основен суд Кичево, со изрека: **„Се одбива како неосновано барањето за одлагање на извршување поднесено од должникот ЈКП“Комуналец“ Кичево, преку полномошникот Адвокат Хамдије А.Тафа од Кичево**, по налог за извршување И.бр. 1369/23 на Извршител Весна Јакимовска од Гостивар“.

На ден 20.11.2023 година на службениот е-маил на ЈП примено е известување од Извршител Весна Јакимовска од Гостивар **за доставена Жалба од должникот ЈП“Комуналец“Кичево преку полномошникот Хамдије.А Тафа од Кичево од**

06.11.2023 година по Решение ППНИ бр.63/2023 од 24.10.2023 година од Основниот суд Кичево.

На ден 21.10.2024 година примено во ЈП е Решение ТСЖ.бр.112/24 од 02.10.2024 од Апелационен суд Гостивар со изрека : **ЖАЛБАТА на должникот** ЈП"Комуналец"Кичево **преку полномошникот Хамдије.А Тафа** од Кичево **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

